**УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**Постдипломски студии по**

**Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности**

магистерски труд

# *ЕВРОПСКИ ПОЛИТИКИ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА*

Кандидат:

***Лили Јанева***

Индекс 4083/11

Ментор:

***проф.д-р Милева Ѓуровска***

Скопје, 2014

*„Законот за мали бизниси е чекор понатаму кон идеата за „Европа на претприемачи", со помалку мачни бирократски процедури, а повеќе почести за Европските 23 милиони МСП. Законот има за цел да им помогне на МСП да се развиваат, а најдобрите да ги воздигне во класата на светски играчи. Законот за мал бизнис е всушност пресудната прекретница во вистинската имплементација на Лисабонската стратегија за економски раст и работни места. Тоа значи поодговорна јавна администрација, помалку задоцнети плаќања, подобрен пристап до поддршка со финансирање на МСП, повеќе иновации и едукација, пониски стапки на ДДВ за услугите кои обезбедуваат локално, и подобрен пристап и можности за склучување договор при јавните набавки. Овој пакет на МСП ќе им овозможи пристап кон Европскиот Статут за приватни претпријатија, со што ќе се придонесе за намалување на бирократијата и зголемување на транспарентноста."* -Хозе Мануел Баросо, претседател на Европската Комисија

# ЕВРОПСКИ ПОЛИТИКИ ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА


## Апстракт

Малите и средни претпријатија се сè повеќе важен сегмент во општеството, бидејќи создаваат нови можности за вработување, а со тоа ја подобруваат и благосостојбата на локалните или регионалните заедници. Во рамките на Европската Унија, малите и средни претпријатија се движечка сила на европската економија. Тие го поттикнуваат порационалното искористување на расположливите ресурси, како и факторите на производство, стимулираат развој на нови технологии, а сето тоа се разбира и со соодветна поддршка и помош, како од националните влади така и со одредени проекти од Европската Унија.

Затоа постојат соодветни институции кои се задолжени за крериање на такви програми и проекти за финансиране, било директно или индиректно, за поддршка на малите и средни претпријатија. Целта на ваквите институции е да го насочи и поттикне развојот на малите претпријатија, да помогне во нивниот напредок, да го насочи патот по кој претпријатијата ќе можат да излезат на поголеми пазари. Воедно тие институции, во соработка со националните влади исто така обезбедуваат и одредени олеснувања за МСП, било тоа да се финансиски, административни или правни.

Исто така и малите и средни претпријатија треба да бидат заинтересирани за ваква соработка. Треба да постои дијалог меѓу МСП, институциите, националните влади и сите заинтересирани страни, односно учесници во проектите и програмите, а сето тоа со цел, развој, поддршка и напреднување на МСП.

# Вовед

1. ДЕФИНИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РАМКИТЕ НА ЕУ И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА....9

1.1. Предности и недостатоци на МСП....12

2. МСП И ДЕЛОВНОТО ОКРУЖУВАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА....14

2.1. МСП и економските перформанси во ЕУ....15

2.1.1. Динамика на претпријатијата, создавањето работни места и БДП....16

2.1.2 Фактори кои влијаат на вработувањето....19

3. ЕВРОПСКА ПОВЕЛБА ЗА МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА....22

3.1. Принципи, цели и поле на дејствување на Европската повелба за мали претпријатија...23

4. ПРОГРАМИ ЗА ПОДДРШКА НА МСП ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА....28

4.1. Можности за финансирање....29

4.2. Структурни фондови....34

4.2.2. Евопски социјален фонд -European Social Fund....35

4.3. Финансики инструменти....36

4.3.1. Европски инвестициски Фонд (ЕИФ)....36

4.3.2. Европската кредитна иинвестициона банка (ЕИБ)....38

4.3.3. Инструмент за претпристапна помош (ИПА)....39

4.4. Поддршка за интернационализација на малите и средни претпријатија....41

4.4.1.Глобализација на малите и средни претпријатија....41

5. Значењето на МСП во ЕУ, САД и Јапонија....44

6. МСП ВО СТРАТЕГИЈА 2020 ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА 2020....46

6.1.Столбовите на Стратегијата 2020....48

6.1.1. Интегриран раст....49

6.1.2. Паметен раст....51

6.1.3. Одржлив раст....52

6.1.4. Инклузивен раст....55

6.1.5. Со добро владеење до раст....56

7. РАЗВОЈ НА МСП ВО МАКЕДОНИЈА - ИСТОРИСКА ПЕРСПЕКТИВА....60

7.1. Карактеристики на макроекономската политика и критериуми за поддршка на МСП....62

7.2. Институционална инфраструктура и кадровска екипираност за поддршка на малите и средни претпријатија....66

8.СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА МСП ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА....70

8.1. Анализа на проблемите и мерките за остварување на целите....71

8.1.1. Подобрување на процесот на креирање на политика ........................................ 71

8.1.2. Поедноставување на правното и регулаторното опкружување ........................................ 72

8.1.3. Подобрување на пристапот до финансии ........................................ 73

8.1.4. Поедноставување на однаочувањето ........................................ 75

8.1.5. Промовирање на информатичка и комуникациска технологија ........................................ 75

8.1.6. Наука, технологија и иноваторство во функција на јакнење на конкурентноста на МСП ........................................ 76

8.1.7. Промовирање на претприемништвото во образованието ........................................ 77

8.1.8. Охрабрување за интернационализација на МСП ........................................ 78

8.1.9. Подобрување на услугите за деловен развој ........................................ 79

8.1.10. Јакнење на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор ........................................ 80

8.2. Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија за 2012 год. ........................................ 81

8.3. Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2014 година ........................................ 82

9. ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО Р.МАКЕДОНИЈА ........................................ 85

9.1. Национална стратегија за развој на малите и средни претпријатија (2002-2013) ........................................ 89

9.2. Активности и проекти на Агенцијата за поддршка и претприемништво на Република Македонија АППРМ ........................................ 90

9.1.1. Активности и пректи според програмата на АППРМ за периодот 2012 год. ........................................ 91

9.3 Обсерваторија за мали и средни претпријатија на република Македонија ........................................ 97

10.Заклучок ........................................ 98

Користена литература ........................................ 102

**Вовед**

Во рамките на Европската Унија се смета дека микро, малите и средните претпријатија (МСП) се моторот на европската економија. Тие се од суштинско значење за отворање на нови работни места, поттикнувајќи го претприемачкиот дух и иновацииите, а сè повеќе добиваат клучно значење во современите економски текови. Во рамките на Европската Унија изграден е посебен пристап кон развојот на малите и средни претпријатија. Во најновиот пристап, новата дефиниција (2005) претставува значаен чекор во подобрување на бизнис средината за дејствување на МСП и имала за цел подобрување на претприемништвото, инвестициите и растот, што понатаму водело кон успешна имплементација на лисабонските цели. Според тоа, малите и средните претпријатија (МСП) се сметаат за столб на една економија. Во економските услови во кои дејствува глобална конкуренција од малите и средни претпријатија, се очекувало да претставуваат база која ќе придонесе за економски раст, кој пак не подразбирал само извор на вработување, туку и извор на иновации и идеи.

Малите и средни претпријатија стануваат доминантни носители на економските движења и економскиот развој на секоја земја, и токму поради тоа се наметнува и потребата од креирање на амбиент во кој ќе дојде до израз слободата на пазарот и приватната иницијатива, а ќе се постигне и стабилноста и конзистентноста на мерките на економсите политики. Од целите на економските политики зависи и успехот на економијата во целина. Целите на економските политики претставуваат збир на посакувани цели што треба да се реализираат преку мерките и инструментите, односно средствата и субјектите се носители на економската политика. Како вообичаени цели се поставувале: економскиот развој и раст, макроекономска рамнотежа, ефикасност на економијата, ниско ниво на невработеност и други цели.

Главната одлика на малите претпријатија е нивната флексибилност и затоа тие полесно се прилагодуваат на промените кои настануваат на пазарот. Малите претпријатија се доминантни економски субјекти во современите економии. Во ЕУ малите и средни претпријатија обезбедувале околу 65 милиони работни места. Поради перспективата поврзана со вработувањата, ЕУ го стимулира креирањето на нови МСП и креира политики за нивнна поддршка и развој. Таквите политики подразбираат помош за МСП, олеснување на правилата и легислативите за МСП, помош за нивен напредок, отстранување на препреките при отворање на нов бизнис, помагање на

неговиот растеж, корегирање на пазарните дефекти поради кои заостануваат МСП и слично. Во Европската Унија постои и Закон за мал бизнис, кој предлага партнерство помеѓу Европската Унија и нејзините земји членки.

Во 80-тите години настануваат турбулентни промени во функционирањето на економските системи, каде кризата ги зафатила финансиските пазари и била проследена со високи каматни стапки со што се наметнала потребата од создавање на мали и средни претпријатија.

Европската повелба за мали и средни претпријатија е документ од витално значење за градењето на оперативни политики за развојот на МСП. Усвоена е за време на Лисабонскиот самит на ЕУ во јуни 2003 година. Оваа Повелба овозможува приближување до целта на ЕУ таа да стане најконкурентна светска економија во која малите бизниси ќе имаат особено значајна улога. Уште од самитот во Амстердам во 1997 г. се покажало дека државите треба да создадат поволна клима за дејствување на МСП, каде посебно било нагласено поедноставувањето на законите и намалувањето на административните процедури. За да се испитаат работните услови во кои дејствуваат малите и средни претпријатија и функционалноста на легислативата, била формирана и работна група „BEST“ (Business Environment Simplification Task Force).

Во јуни 2008 година, донесен е Акт за мали бизниси за Европа (the Small Business Act for Europe) кој ја одразувал политичката волја на Европската Комисија да ја признае централната улога на МСП во економијата на ЕУ. Таа имала за цел да го подобри севкупниот пристап кон претпиемништвото, да ја зацврсти стратегијата: *размислувај најправо за мало* (Think Small First) принципот во креирањето на политиката, регулирање на јавниот сервис, да се промовира раст на МСП, со тоа што ќе им помогне да се справат со проблемите кои го отежнуваат нивниот развој. Овој Акт се однесувал на сите независни компании кои имале помалку од 250 вработени.

Комисијата претставила нов пристап со кој се осигурала дека ЕУ ќе одговори подобро на потребите на малите бизниси. Така, Европската комисија настојувала, секаде каде што е можно, да се одделат микро-претпријатија од законодавството на ЕУ, или да се воведат специјални режими за да се минимизираат нивните регулаторните оптоварувања. Во извештајот до Советот и Европскиот парламент, Комисијата ја претставува листа на иницијативи од ваков вид. Така, се промовираат посилни средства со кои се обезбедува влез на микро-претпријатија, мали и средни претпријатија (МСП), како и формулирање на нови иницијативи во ЕУ.

Амбиентот (правниот, економскиот) во кој дејствуваат МСП во Р. Македонија е многу специфичен. Во магистерскиот труд се настојува да се расветлат историските аспекти, да се истакнат нормативните аспекти, да се анализира развојот на институциите и другите агенси кои го сочинуваат контекстот на дејствување на МСП. Може да се истакне дека во Р. Македонија е посветено значително внимание на подобрување на уловите во кои работат МСП. Веќе постои развиен инфраструктура која се однесува на агенциите кои се надлежни во овој домен, но тука е значајна и интервенцијата на државата која преку законодавството и други мерки придонесе за значително подобрување на условите за развојот на претприемништвото. Така, на пример, во Македонија постои опсерваторија за мали и средни претпријатија, која произлегла како резултат на заложбите на Владата за поддршка на развојот на МСП, како и прилагодување на политиките во согласност со стандардите на Европската Унија. Нејзина главна цел била да создаде постојан механизам за следење, анализа и споредување со другите земји со улогата и работата на македонските МСП. Оваа Опсерваторија од јануари 2005 година, функционира и работи како дел од Агенцијата за поддршка на претприемништвото во РМ. Таа подготвувала извештај за работата на МСП секторот кој опфаќал податоци почнувајќи од процесот на регистрација на едно претпријатие, бројот на регистрирани и активни претпријатија, бројот на вработени, добивката, односно загубата која ја остваруваат и сл.

# 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РАМКИТЕ НА ЕУ И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дефинирањето на малите и средни претпријатија не било едноставно, бидејќи требало да се дојде до целосна и недвосмислена дефиниција. Исто така постојано следеле промени на дефиницијата и промени на критериумите, а таквите промени се вршеле со цел правилно да се лоцираат кредитите, правилно насочување на поддршката и другите инвестиции, промовирање на соработка и сл.

МСП во Европската унија се определува според следниве фактори: бројот на вработените, промет или вкупна билансна состојба. Како мали и средни претпријатија се дефинирани економските субјекти кои имаат помалку од 250 вработени и кои се независни во своето работење од поголемите субјекти. Нивниот годишен обрт не можел да надмине 50 милиони евра. Со оглед на овие карактеристики се одредува кои компании можат да бидат корисници на европските програми за поддршка на МСП или конкретни политики.

МСП според нивната големина може да се поделат на три категории:

- *микро претпријатија со помалку од 10 вработени*
- *мали претпријатија кои имаат помеѓу 10 и 49 вработени и*
- *средни претпријатија каде број на вработени изнесувал помеѓу 50 и 249 вработени лица.*

Во Р. Македонија постојат три закони за регулација на малите и средни претпријатија, а тоа се: Закон за Сметководство; Закон за основање на агенција за поддршка на претприемништвото во РМ и Закон за трговски друштва. Овие три закони различно ги дефинираат МСП со што се предизвикувале недоразбирање кај банките и другите институции кои обезбедуваат различни услуги за МСП.

Закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото во РМ, МСП ги дефинира според следниве критериуми: Тоа се правни и физички лица кои:

- имаат помалку од 50 вработени
- имаат бруто годишен обрт на средства не поголем од 1,5 милиони евра и завршна сметка која не е поголема од 1,1 милиони евра (во денарска противредност);

- се независни во својата работа и
- имаат барем 51% во приватна сопственост.”[1]

Ваквата дефиниција на Закон за основање на агенција за поддршка на претприемништвото на РМ создавала конфузија во разликувањето на малите и средните претпријатија. Законот за сметководство, прави разлика меѓу малите, средните и големите претпријатија, класифицирајќи ги во зависност од бројот на вработени и големината на средствата кои тие ги прикажуваат во годишните финансиски извештаи за последните две години.

„Табела 1

Класифицирање на претпријатијата”[2]

| | ЕУ Дефиниција за претпријатија | Закон за трговски друштва (2004) | Закон за сметководство (1992), последнаизмена (2002) |
|---|---|---|---|
| Вопрватагодинаодработењетонеопходноедасезадоволатдваодследнивекритериуми | | | |
| Микро | до 10 вработени | до 10 вработени | |
| | годишен обрт ≤ 2 милиони ЕУР | годишен приход < 50.000ЕУР | |
| | вредноста на активата ≤ 2 милиониЕУР | најмногу 80% од бруто приходот да е остварен од еден клиент | |
| Мали | до 50 вработени | до 50 вработени | до 50 вработени |
| | годишен обрт ≤ 10 милиони ЕУР | вкупниот обрт < 2.000.000 ЕУР | годиш ен приход < 8.000 просечни месечни плати по работник |
| | вредноста на билансот на состојба ≤10 милиони ЕУР | вредноста на активата < 2.000.000ЕУР | вредноста на активата < 6.000 просечнимесечни бруто плати по работник |
| Средни | до 250 вработени | до 250 вработени | до 250 вработени |
| | годишен обрт ≤ 50 милиони ЕУР | годишен обрт < 10.000.000ЕУР | годишен приход < 40.000 просечни месечниплати по работник |
| | вредноста на билансот на состојба ≤ 43милиони ЕУР | вредноста на активата < 11.000.000ЕУР | вредноста на активата < 30.000 просечнимесечни бруто плати по работник |
| Големи | сите кои не спаѓаат во горенаведената класификација | сите кои не спаѓаат во горенаведената класификација | сите кои не спаѓаат во горенаведената класификација |

[1]Закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништво на Република Македонија, СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА Р.МАКЕДОНИЈА бр.60/03, 161/09 , 171/10

[2]*Извор:Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ, извештај за МСП, Скопје,2004*

Малите и средни претпријатија најдобро се развиваат во поволен пазарен амбиент. Нивната експанзија започнала кон крајот на 80-тите години на XX век, пред сѐ во земји каде доминира пазарната економија.

Еден од позначајните примери за МСП претставува САД, бидејќи уште во 1977г. во формирањето на националниот доход МСП учествувале дури со 54%, каде дејствувале над 16 милиони мали претпријатија. Секоја година во САД стартувале нови мали бизниси. Во Јапонија малите претпријатија учествувале со 60% во вкупната вработеност и со 50% во формирањето на општествениот производ.

Што се однесува на земјите членки на Европската Унија и овде имало тренд на зголемување на бројот на малите и средни претпријатија. Во почетокот како критериум за дефинирање на претпријатијата бил земен бројот на вработените, но подоцна биле воведени и други критериуми како обемот на продажбите, имотите кои ги поседувале претпријатијата и други критериуми.

Во 2004 година, со измените во Законот за трговски друштва, Македонија ја прифатила методологијата на Европската комисија за класификација на претпријатијата според големината. Според оваа методологија има три критериуми, а тоа биле: бројот на вработени, големината на обртот и вкупната вредност на деловните акти. Во Македонија бројот на мали и средни претпријатија во периодот од 1990 година до 1993 година се намалил. Засилување било забележано во периодот од 1996 до 2001 година, а како последица на војната во 2001 година речиси дури и немало формирање на МСП. Во 2004 година се формирале, односно имало регистрирање на 172.297 мали и средни претпријатија, но доста од нив биле неактивни, односно не остварувале приход, не вработувале. На почетокот на 2012 година, во Република Македонија постоеле 73.118 активни претпријатија од кои дури 99, 7% биле мали и средни претпријатија, со што тие имале доминантно учество во формирањето на БДП, односно 55% во додадената вредност, како и во вкупната вработеност во бизнис секторот со преку 75%“[3]

Во поглед на улогата и значењето на МСП во земјите членки на ЕУ се забележуваат значајни разлики. Според застапеноста на мали и средни претпријатија во рамките на ЕУ се воочени неколку подгрупи, а тоа се:

[3]Државен завод за статистика на Република Македонија, Соопштение бр.6.1.12.13 од 24.2.2012

-Во првата група влегуваат Франција и Италија кои во однос на западно-европскиот просек (на ниво на Унијата) имаат натпросечен број на мали претпријатија, а бројот на средните претпријатија се доближува до просекот на ЕУ;
-Во втората група влегуваат Германија и Белгија каде што застапеноста на мали и средни претпријатија се одржува на ниво на просекот на Унијата;
-Во третата група се рангираат Велика Британија и Холандија во кои бројот на малите и средните претпријатија се одржува значително под просекот на Унијата.

Различната застапеност на малите и средни претпријатија е резултат на историскиот контекст во кој се развивале земјите како и спецификите на процесот на индустријализација. Без оглед на степенот на застапеност, МСП играат главна улога во креирањето на економската политика на Европската Унија, бидејќи претставуваат главен извор на претприемачки способности, иновации и вработеност.

Што се однесува до Република Македонија, се користел моделот на сопственичко преструктурирање кој се базирал на т.н. интерни акции, модел кој произлегол како резултат на процесот на приватизацијата од 1990 година. Овој модел бил применет во многу претпријатија, и токму со овој процес, дошло и до формирање на мали и средни претпријатија со приватна сопственост.

## 1.1. Предности и недостатоци на МСП

Според некои видувања, какво што претставува она на Е.Ф.Шумахер (E. F. Schumacher) биле посочени следниве предности кои го имале малите и средни претпријатија: имале структура на компетативност, имале поголема ефикасност, биле во чекор со барањата и новите технологии, имале поголема отпорност на економска криза, имале поуспешна улога во зголемувањето на приходите, работните стилови на МСП не биле монотони, постојано се менувале“.[4]

Исто така малите и средни претпријатија следејќи го пазарот имале разбирање за барањата на клиентите, имале поголема еластичност во однос на големите компании при производстваото, маркетингот и услугите. МСП полесно ги пребродувале проблемите и често со малку штета за разлика од поголемите компании. Тие исто така имале поголема можност за брзо донесување на одлуки, бидејќи работеле со помали оперативни трошоци и трошоци за менаџирање, а воедно имале и побрзо и поефтино

[4]Дикинс, Д. Фрил, М. (2003) *Претприемништво и мали фирми* , Скопје: Издавачка куќа ТРИ. Скопје

производство. МСП играле важна улога во креирањето на приватните иницијативи, во обуките и вработувањето. Во ваквите претпријатија многу од квалификуваните работници добивале техничка обука. Преку МСП постоеле можности и ефикасен начин за проширување на производството и индустриајализација на цела земја. Тие, исто така, можеле да бидат и ефективни во зголемувањето на квалитетот на животот преку обезбедување на можности за мали инвестиции, искористување на трудот, суровини и финансикси извори. Кај малите и средни претпријатија се истакнува и нивната улога во создавање на мали семејни заштеди кои можат дирекно да се инвестираат. МСП ги подобруваат иновациите, конкурентноста, претприемништвото и воспоставување на ефикасен систем за иновации за земјите во развој.

Како што МСП имаат свои предности, така имаат и свои недостатоци. Тие не вработувале специјалисти и финансиски консултанти во претпријатието. Имале недостаток на капитал и финансиско планирање, помала поддршка од банки и други финансиски корпорации. За нив карактеристичен е недостаток на развој на производи, недостаток на општа администрација, особено недостаток на вкупното учество на работниците во донесувањето на одлуки. Исто така, за слаба сртана на МСП се наведува слабата координација меѓу производството и продажбата, ризик од банкрот и губење на независноста, немање можност да обезбеди специјализиран кадар, и отсуство на современ маркетинг.

# 2. МСП И ДЕЛОВНОТО ОКРУЖУВАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Како што рековме МСП играат важна улога во европската економија. МСП секторот во рамки на ЕУ опфаќал 20 милиони мали и средни претпријатија, претежно микро-претпријатија, каде во 2012 година биле вработени околу 86.800 милиони луѓе". Од оваа бројка на вработени дури 65 % од сите европски работни места за 2012 год. микро-претпријатијата обезбедувале една третина од таа бројка на вработеност. Секторот на МСП, како целина опфаќал 57,6 %."[5]

Во овој период ефектите од економската криза сѐ уште се чувствувале. За да се избегне колапс на финансискиот пазар биле усвоени и имплементирани нови политики за раст и зголемување на конкурентноста, но тоа немало големо влијание во поглед на подобрување на економската ситуација. Ваквата ситуација била резултат на конфликтните цели за промоција на растот и конкурентноста, и оддржување на контролата на јавните расходи. Во 2012 г. БДП на Европската Унија паднал за 0,3%, а БДП по глава жител не се зголемувал. Што се однесувало на другите економски индикатори тие покажувале благ пораст во вториот квартал од годината. Што се однесувало пак до стапката на инфлација, таа во 2013 година била нестабилна, а невработеноста останала стабилна на двоцифрено ниво.[6] Економијата на ЕУ сѐ уште била фокусирана на подобрување на билансната состојба, реконструкција и проширување, како и зголемување на бруто капиталните инвестиции. Што се однесувало до кредитниот раст тој и понатаму останал со бавна стапка на промена. Улогата на малите и средни претпријатија била од клучно значење за Европската економска обнова со оглед на нивниот број и нивниот капацитет за вработување, како и во поглед на новододадената вредност.

Неодамнешните студии за мали и средни претпријатија и нивниот придонес кон растот на економијата покажале дека рамковните услови во кои тие работат и претприемачката култура биле клучни фактори во одредувањето на нивото на развој на МСП, односно за внивниот капацитет за опстанок, нивните перформанси и за макроекономска раст. Стратешкиот пристап кон политиката станувал составен дел на

---

[5]annual-report-smes-2013,Годишен извештај за мали и средни претпријатија, декември 2013

[6]annual-report-smes-2013,Годишен извештај за мали и средни претпријатија, декември 2013

планот за закрепнување и стимул за раст. Структурни и финансиски политики во комбинација со иновации и пријателска средина, како и претприемничката култура можеле да обезбедат поголеми можности. Сепак, овој пристап барал да се посвети поголемо внимание на макроекономските и други структурни фактори како што побарувачката на услови, силна истражувачката база, поттикнување на конкуренцијата и конкурентноста во присуство на клучните средства, како што се човечки ресурси, финансиите, инфраструктура и услуги. Во оваа рамка, улогата на малите и средни претпријатија може да биде клучна детерминанта во осигурувањето брзо и одржливо закрепнување од економската криза.

## 2.1. МСП и економските перформанси во ЕУ

Генерално, малите и средни претпријатија опфаќале 66,5% од сите работни места во Европа во перидот на 2012 година. Значителен придонес на Европските МСП во овој период се забележало во услужните дејности, но и во производствените сектори. Двата сектора во комбинација вработувале 74 милиони луѓе или 85 % од вкупната вработеност.[7] Градежниот сектор, секторот за комунални услуги и руди и камен го чинеле остатокот од вработенбоста. Ова е преглед на важноста на малите и средни претпријатија во европската економија, во однос на бројот на компании, вработени и генерација на додадена вредност.

*-Проценување на важноста на малите и средни претпријатија во ЕУ: Бизнис демографија*

Бизнис демографијата односно секторот на претпријатија во ЕУ се состоел од 20 милиони мали и средни претпријатија. Во 2012 год. професионалните, научните и техничките услуги опфаќале околу 3.340 000 претпријатија, останатиот дел од МСП го сочинувале секторот за административна услуга и помошни услуги, потоа претпријатија кои се занимавале со активности со недвижен имот, па информациски и комуникациски услуги, транспорт и складирање и сместивање и храна. Речиси 5,1 милиони претпријатија се занимавале со градежништво и производство, каде 99.6 % припаѓале на МСП. Комуналните услуги и рударството пак го сочинувале околу 149.000 претпријатија и дури 98.8 % од нив биле мали и средни претпријатија.

[7]annual-report-smes-2013,Годишен извештај за мали и средни претпријатија, декември 2013

*- Проценување на важноста на малите и средни претпријатија во ЕУ: додадена вредност*

Севкупниот придонес на МСП во вкупната додадена вредност на ЕУ-28 била повеќе од 57% за 2012 година.[8] Овој придонес се разликувал значително во поглед на економските сектори во кои тие дејствувале. Секторот на услужните дејности имал најголем удел во додадената вредност во ЕУ-28. Услужниот сектор придонесувл околу 2,1 трилиони евра во вкупната додатна вредност која ја остварувале МСП. Главниот придонесувач на додадена вредност од услужниот сектори бил трговскиот сектор од кои 68% произлегувале од МСП (759 милијарди евра). Професионални, технички и истражувачки услуги придонеле 561 милијарди € на додадена вредност во 2012 година, каде 77% од ова било предвидено од малите и средни претпријатија. Во производствениот сектор пак МСП придонел 44,4 % во додадената вредност. МСП од комуналниот сектор и рудниците пак обезбедувале околу 30%.“[9]

Може да се заклучи дека без разлика од кој сектор и да биле малите и средни претпријатија тие обезбедувале голем процент од додадената вредност за буџетот на ЕУ. Недвижностите, градежништвото, професионалните, техничките и истражувачките услуги, сместувањето и храната се сектори во кои МСП обезбедуваат најголем процент од додадената вредност, додека пак секторите како што биле комуналните услуги, информациските и комуникациските услуги, придонесот за додадена вредност главно бил обезбедуван од страна на големите фирми, но секако не треба да се занемарувало и учеството на МСП, бидејќи и тоа било доста големо.

### 2.1.1. Динамика на претпријатијата, создавањето работни места и БДП

МСП со оглед на нивниот раст, вработувањата и додадена вредност ги одразуваат главните трендови на економијата на ЕУ во текот на изминатите 5 години. Што се однесува до бројот на МСП тој постојано варирал. Во 2012 година, бројот на малите и средни претпријатија бил непроменети во споредба со 2008 година. Во 2010 година бројот на МСП бил зголемен за 3 %. Вработување од страна на малите и средни

[8] annual-report-smes-2013,Годишен извештај за мали и средни претпријатија, декември 2013

[9]annual-report-smes-2013,Годишен извештај за мали и средни претпријатија, декември 2013

претпријатија се покажало како многу поотпорно на кризата во 2008 година од вработување од страна на големите фирми. Во ЕУ, вработувањето во МСП не покажале особено зголемување, но во текот на период од 2008-2012 година, вработувањето покажало тренд на намалување. Во 2009 година, бруто додадена вредност опаднала во просек за 10 % во сите димензии. Од 2008 година, додадената вредност произведена од страна на мали и средни претпријатија значително се намали во 2009 година, за да во 2011 биде малку зголемена и да се намали повторно во 2012 година.“[10]

*-Динамика на бизнис демографијата, односно бројот на претпријатија во периодот 2008-2012 год.*

Во однос на демографијата, Европските МСП имале различен пат по кој се движеле за разлика од тој на големите компании. Во 2009 година, бројот на големите фирми паднал за речиси 1.800 единици, приближно 42.400 претпријатија. Нивниот број почнал повторно да расте во 2010 година и во 2012 година. Бројот на мали и средни претпријатија се зголемил помеѓу 2009 и 2010 година на речиси 1 милион фирми, достигнувајќи 21.000.000 претпријате, со релативно мал пад на 200.913. Од 2010 година наваму, вкупниот број на мали и средни претпријатија продолжил да паѓа. Во 2012 година, бројот на малите и средни претпријатија се врати на нивото кое го имал од 2008 година.[11]

*-Динамика на вработување во МСП за периодот 2008-2012 год.*

Што се однесува до динамиката на вработување во периодот 2008 - 2012 година од страна на малите и средни претпријатија се покажало, исто така, дека тие се еластични во поглед на кризата од 2008 година, за разлика од вработувањата од страна на големите фирми. За само една година, односно во 2009 година, големите фирми изгубиле околу 1,7 милиони работни места, додека малите и средни претпријатија изгубиле околу 677.000 работни места. Периодот 2009-2012 година се покажал како крајно предизвикувачки за вработување во малите и средни претпријатија.

До почетокот на 2010 година, големите претпријатија биле веќе на пат кон закрепнување и до 2012 година ги повратиле 820.000 работни места, додека вработувањето во МСП продолжи со тренд надолу. До 2012 година малите и средни

---

[10]annual-report-smes-2013,Годишен извештај за мали и средни претпријатија, декември 2013
[11]annual-report-smes-2013,Годишен извештај за мали и средни претпријатија, декември 2013

претпријатија претрпеле серија на неуспеси кои довеле до промени, односно довеле до губење на 822.600 работни места. Помеѓу 2008 и 2010 година, малите и средни претпријатија изгубиле 1,5 милиони работни места. Губењето на работните места најмногу било искусено од страна на малите бизниси и микро-претпријатијата.“[12]

Причините за раст на вработеноста меѓу 2008 и 2010 година, биле резултат на воведувањето на соло-претприемачите односно претпријатија како трговец поединец. Појавата на околу 320.000 нови претпријатија во 2009 година кореспондирала со ефективно зголемување на вработеноста на околу 70.000 нови работни места, вклучувајќи и невработенте и пензионерите кои кои имале аспирации да станат претприемачи. Исто така, бил зголемен бројот на луѓе кои, откако биле отпуштени од страна на нивните работодавачи, одлучиле да работат хонорарни работи - во некои случаи за нивните поранешни работодавачи. Сето ова доведувало до зголемување на вкупната вработеност во МСП. Согледувајќи го периодот од 2008 до 2012 година, проблемот со вработеноста и наоѓање на решенија за нејзиното зголемување во центарот на своето внимание ги имало МСП. Демографијата на зголемување или на намалување на МСП не мора да значи следствено намалување или зголемување на вработеноста. Нормално е дека оваа прашање не може да се очекува да биде решено само од страна на МСП. Проблемот со невработеноста е денс значително присутен во било која економија, но постојано се бараат решенија за намалување на стапката. Гледаме дека во овој период бројката на вработување варира, во одерден период се намалува, за сметка на друг каде се зголемува. МСП одговараат на таквите предизвици, меѓутоа на нив не треба да се смета како единствени за решавање на проблемите со вработувањето.

*-Додадена вредност и нејзината динамика во 2008-2012 год.*

Во 2009 година, бруто додадена вредност опаднала во просек за 10% во сите димензии. Четири години подоцна, само околу половината од производството било вратено. Во 2009 година, големите компании изгубиле околу 10,3% на додадена вредност произведена во претходната година, а МСП изгубле малку помалку во проценти 9,3%. Динамиката на додадена вредност била слична на МСП и за големите претпријатија. Тренд надолу за додадената вредност се забележува во 2011 год. Помеѓу 2008 и 2012 година, услужниот сектор го зголемил својат релативен придонес кон

---

[12]annual-report-smes-2013,Годишен извештај за мали и средни претпријатија, декември 2013

вкупната додадена вредност по тековни цени, додека вкупниот број на вработени и бројот на мали и средни претпријатија бил непроменет. Производствениот сектор пак бил под притисок да ги подобри своите перформанси. Релативно слабите резултати на производство кои ги покажале МСП особено бил под лупа поради стратешката важност на овој сектор. Од 2009 година, сепак, имало јасни знаци дека производството на МСП се обновило и во однос на додадена вредност, каде се постигнало пораст од 7% помеѓу 2009 и 2012 година.

### 2.1.2 Фактори кои влијаат на вработувањето

Факторите кои влијаат МСП да вработува се поврзуваат со растот на самите претпријатија. Многу автори се занимавале со истражување на оваа тематика, но не постојат кокнретно утврдени фактори кои важат подеднакво за сите претпријатија, односно за сите МСП. Различни индикатори се користеле при мерење на растот на МСП. Факторите кои ги имала внатрешната средина на МСП и кои имале влијание врз вработувањето биле значително контролирани од самите МСП. Внатрешната средина се однесувала на фактори какви што се: финансиите, менаџерската компетентност, локацијата, инвестициите, трошоци за производстваo итн. Додека пак фактори на надворешната средина се: фискалната и монетарна политика на владата, инфлација, каматни стапки, девизни курсеви и други фактори. Овие фактори, без оглед дали станува збор за внатрешните или надворешните, влијаат врз побарувачката на стоки и услуги, а со тоа и на растот на МСП. Препреките со кои се соочуваат МСП се различни во секоја држава, каде земајќи го предвид степенот на економскиот развој на една држава, МСП наидувале на различни препреки при процесот на зголемување на својата вработеност. Како позначајни фактори кои влијаат врз растот на МСП, а со тоа и врз одлуките за вработување се следниве:

- Бизнис средината. Промените во деловното окружување имале или негативен или позитивен ефект врз растот или неуспехот на МСП;
- Растот на фирмата зависел и од нивото на човечки капитал на менаџерите или сопствениците на МСП. Сопственикот на МСП имал значајно влиајние врз стратегиите, тактиките и операциите во процесот на одлучување во фирмата, па токму поради тоа тој требал да поседува индивидуалност, вештини, способности, став и однесување кои ќе влијаат врз бизнис стратегијата. Растот на фирмата зависел и од менаџерските знаења и затоа обуките претставуваат клучно значење

за продуктивноста и квалитетот, ефикасноста, продуктивноста и мотивацијата на вработените. Човечките ресурси како акцелератори на еконосмкиот развој, укажуваат на потребата од нивно рационално искористување и квалитетно развивање.

- Недостаток од квалификувана работна сила исто така претставува еден од проблемите со кои се соочуваат МСП, а тоа често доведувало до отпуштање и вработување на нови вработени во потрага кон квалитет. Исто така МСП се соочувале и со проблеми при привлекување на високо образовни работници, како и со задржување на квалификуваните работници, бидејќи тие преферирале да работат во големи претпријатија кои можеле да им понудат повисока плата, безбедност на работно место, можност за развој на кариера и сл.
- Финансиите како фактор за вработување на МСП. МСП немале едноставен и лесен пристап до финансии, односно до кредити. Тоа претставувло резултат на слабите банкарски институцци, отсуство на пазар на капитал, слаба правна рамка за кредити и сл. Постоеле различни начини според кои сопствениците можеле да ги финансираат своите фирми, но пред се тука била битна одлуката на сопственикот дали ќе прифати надворешен капитал во замена за дел од сопственоста. Тие прифаќајќи го овој начин на финасирање се откажувале од дел на нивната контрола во корист на некоја финансиска институција или друг поединец. Самиот процес на финансирање и добивање на финансии биле од суштинска улога за растот на фирмата. Навремената наплата е еден од проблемите со кои се соочуваат МСП.
- Технологијата и инвестирање во истражување и развој исто така е од големо значење како за растот така и за вработувањето во МСП. МСП може да имаат тенденција на ниска продуктивност, и да се слаби во однос на конкуренцијата, а сето тоа може да претставува резултат на употреба на неефикасна технологија, застарена технологија, ниско ниво на искористеност на машините, немање напредок во технологијата како резултат на ограничени финансии и сл. Така МСП главно претставуваат корисници на технологија, а не иноватори на некоја нова технологија со која би си ја олеснале работата и би ја зголемиле продуктивноста.
- Законите и прописите, исто така, претставувале ограничување со кое се соочувале МСП, поради сложените даночни системи и нискoто ниво на доверба во судскиот ситем.
- Конкуренцијата претставувала битен сегмент во растот и вработувањата во МСП.

- Економската криза го ограничувала процесот на развој на МСП, бидејќи се сметало дека тие се доста подлежни на економска криза, поради што имале ограничена големина на човечките ресурси.
- Глобализацијата, МСП кои се меѓународно активни обично растат и се развиваат побрзо од нивните домашни еквиваленти, што претставува и одговор на конкуренцијата. МСП кои излегуваат на меѓународни пазари, развиваат стратегии за да останат конкурентни, а за сметка на нив постојат МСП кои немаат ресурси да излезат во пресрет на глобалниот предизвик на интернационализацијата.
- Маркетингот како пречка укажувал на тоа дека многу бизниси се соочувале со предизвици за создавање ефикасни дистрибутивни канали, рекламирање на функциите на производите, цените на добрата и услугите и сето тоа да биде на атрактивен и привлечен начин за клиентите, потреба од придобивање и задржување на клиенти и сл. МСП многу често немаат било каква информација за другите пазари и со тоа тие се лимитирани во способноста да ги продаваат своите производи и услуги, а соодветно на ова и да го прошират својот бизнис.

Од ова може да се заклучи дека МСП како најчести пречки со кои се соочуват при креирање на вработувањата се: пристап до финансии, нелојална конкуренција, даночни стапки, политичка нестабилност, неквалификувана работна сила, корупција, транспортна инфраструктура, законски регулативи и други фактори со слично влијание. Ваквите заклучоци биле потврдени од голем број истражувања во различни земји, но секаде се доаѓало до слични резултати, дека токму овие претставуваат најчестите пречки за раст, развој и зголемување на вработувањето во МСП.

Поддршката на малите и средни претпријатија се остварувала и преку разни фискални олеснувања, пред сѐ даночни и царински. Освен олеснувањата кои биле предвидени за сите стопански субјекти во одредени околности, како на пример ослободување од данок на профит при негово реинвестирање, или пак прифаќање на прогресивна стапка на амортизација како трошок при воведување на нова технологија и слично, не биле предвидени други посебни одредби или олеснувања за малите и средни претпријатија. Не биле предвидени и некои посебни олеснувања и за почетните бизниси кои имале потреба од таква поддршка. Дури отсуствувало олеснување и ослободување од плаќање на царински давачки при увозот на опрема и репроматеријали на почетниците во стопанисувањето.

# 3. ЕВРОПСКА ПОВЕЛБА ЗА МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За време на Лисабонскиот самит на Европската Унија кој се одржал во јуни 2003 година, усвоена е Европската повелба за мали и средни претпријатија. Во оваа Повелба е птенцирано дека за најзначајните цел на Европската Унија во наредниот период е Европа да стане најконкурентна светска економија. Остварувањето на ваквата цел, во најголема мера зависело од развојот на малите бизниси, што воедно претставувало и клучен фактор за европската економија и нејзината конкурентност.

Повелбата опфаќала повеќе области, па така земјите членки кои ја прифатиле се обврзале дека ќе работат кон остварување на напредок во тие области, дека ќе соработуваат меѓу себе во замено поставените цели. Ова би го постигнале преку оценка на напредокот, како и размена на позитивните искуства и практики. Напредокот пак би се следел преку редовните годишни извештаи, во кој се оценувал тековниот напредок и се давале препораки за идниот развој.

Основното мото на политиката на Европската Унија, која се водела во поддршката на малите и средни претпријатија е „*прво мисли на малите*", така што малите претпријатија станале клучен фактор за економскиот развој на земјите кандидати за членство во унијата.

Европската комисија во 2001 година, во дијалог со земјите-кандидати за членство донела извештај познат како *Извештај за мерките на земјите-кандидатки за поддршка на претприемнииштвото и конкурентноста.* Ваквиот извештај бил корисно средство за креаторите на политиките за поддршка на приватниот сектор, со тоа што се идентификувале добрите примери и практики во сферата на едукацијата и обуката на претприемачите, пристапот до финансиите, пристапот кон истражувања и иновации, поедноставување на административните процедури, институционални мрежи за деловна поддршка, вработување и работни услови итн.

Ваквата повелба за кратко време била прифатена од страна на земјите-кандидати, бидејќи дала позитивни резултати. Во февруари 2002 година, Комисијата ги поканила земјите-кандидатки и официјално да ја прифатат Повелбата, па така таа официјално била потпишана во Марибор во април 2002 година, од страна на 13 земји-кандидатки. Оваа Повелба била позната како *Мариборска декларација* со која земјите-кандидатки ги прифатиле принципите на повелбата како основа за нивните активности и мерки за поддршка на развојот на малите претпријатија. Ваквиот процес првенствено

бил започнат во мај 2002 година, а веќе во јануари 2003 година бил изготвен и првиот извештај за напредокот и имплементацијата на Повелбата во земјите кандидатки. Врз основа на поединечните извештаи за секоја од земјите, кои биле изработени врз основа на билатерални средби меѓу Евроската комисија и институциите надлежни за креирање и спроведување на политиките за поддршка на развојот на приватниот сектор се подготвил официјалниот извештај.

Што се однесува до Република Македонија, како земја-кандидатка за членство, ја прифатила оваа Повелба, каде Владата на РМ го задолжила Министерството за економија да ги изврши сите неопходни подгвотовки за прифаќање и официјално била прифатена за време на Самитот на ЕУ кој се одржал во јуни 2003 година во Солун.

Во Лисабон, Европската унија си поставила за цел да стане најконкурентна и најдинамична економија, која ќе биде заснвана на знаење и способност за постигнување на одржлив економски раст, создавање и подобрување на работни места, како и подобра социјална кохезија. Бидејќи на малите претпријатија се сметало како на главен двигател на иновациите, вработувањата, како и на интеграцијата во Европа, требало да се создаде најдобриот амбиент за малите бизниси и претпријатија.

## 3.1. Принципи, цели и поле на дејствување на Европската повелба за мали претпријатија

Европската Унија ги поставила следниве цели:

- го признаваме динамичкиот капацитет на малите бизниси да одговорат на потребите на новиот пазар и да обезбедат нови работни места,
- го нагласуваме значењето на малите претпријатија во забрзувањето на социјалниот и локалниот развој, како на пример за иницијативност и посветеност,
- го признаваме претприменииштвото како вредна и продуктивна животна вештина на сите нивоа на одгворност,
- им честитаме на успешните претпријатија, коишто заслужуваат да бидат наградени,
- земаме предвид дека одгворните иницијативи и преземањњето ризици понекогаш водат и до деловен неуспех, но, на тоа гледаме како на можност за учење од искуството

- ја признаваме вредноста на знаењето, посветеноста и флексибилноста во новата економија. “[13]

Преку превземање на активности за стилмулирање на претприемништвото, преку проценка на постојаните мерки, како и по потреба нивно прилагодување кон потребите на бизнисот, како и стекнување на сигурност дека креаторите на политиката им посветувааат соодветно внимание на малите бизниси ќе се подобрува состојбата на малите претпријатија.

За таа цел Европската Унија се обврзала дека:

- ќе се знајакне духот на иноваторството и претпримништвото, што ќе им овозможи на европските бизниси да се соочат со идните предизвици;
- ќе се постигне регулаторна, фискална и административна рамка соодветна на претприемачките активности и ќе се подобри статусот на претприемачите,
- ќе се обезбеди пристап на пазарите со најмали можни административни препреки, имајќи ги предвид доминантните цели на политиката;
- ќе се олесни пристапот кон најдобрите истражувања и технологии;
- ќе се подобри пристапот до финансиски средства, низ целиот животен циклус на едно претпријатие;
- постојано ќе се подобруваат перформансите со цел ЕУ да понуди добро окружување за малите претпријатија во светот;
- ќе се слуша гласот на малите бизниси;
- ќе се промовира најдобра можна поддршка за мали бизниси.[14]

Како најзначајни полиња на дејствување кон кои се насочила Европската Унија се издвојуваат :

1. *Обуки и образование за претприемништво*

**Претприенички дух и вештини**. Општото познавање на претприемништвото требало да се изучува уште во основното образование, а додека специфичните области на бизнисот требало да бидат вклучени во образовните програми на средното и високото образование.

---

[13]Брошура,информации за Европската Повелба за мали претпријатија,2010

[14]Брошура,информации за Европската Повелба за мали претпријатија,2010

2. *Поевтино и побрзо основање и почнување со работа*

Тука станува збор за поедноставување на комплицираните процедури за основање на нови претпријатија. Таквите практики трбало да станат минато. Се охрабруваат земји кои имаат долги и комплицирани процедури да ги следат земјите кои на најкус и најефтин можен начин ги основаат новите претпријатија.

3. *Подобро законодавство и регулативи*

Учејќи и применувајќи ги најдобрите примери и практики од оние кои успеале, требало да доведе до подобрување на постојаните практики во Европската Унија. Новата регулатива, како на национално така и на ниво на ЕУ, требало постојано да се анализира со цел да се процени нејзиното влијание врз малите и средни претпријатија. Владите на земјите членки и земјите кандидатки требало да ги усвојат лесно применливите административни документи, а на тој начин би се поедноставиле националните и европските правила. Олеснувањето се однесувало на тоа што малите и средни претпријатија би биле ослободени од одредени законску регулативи.

4. *Располагање со вештини*

Европската Унија настојувала да ги поттикне институцииите да одговорат на потребите на малите и средни бизниси во насока на обезбедување деловни обуки, програми за обуки на самото работно место, постојани консултантски услуги, тренинзи за работа и сл.

5. *Подобрување на on-line пристапот*

Државните органи и институции на сите нивоа треба да ја зголемат и да ја поттикнат електронската комуникација со малите и средни претпријатија со што би се овозможило полесно, побрзо и поефтино, претпријатијата да се обратат за одредени прашања, да поднесат барања, да поднесуваат даночни пријави, или едноставно да добијат побрзо одредени информации.

6. *Подобро искористување на можностите на единствениот пазар*

Со реформите кои биле преземени, малите и средни претпријатија почнале полека да ги чувствуваат предностите на европската економија. Европската комисија и

земјите-членки морале да продолжат со реформите чија цел била создавање на Унијата како вистински внатрешен пазар во клучните области за развој на малите претпријатија. Такви области биле: електронската комерција, телекомуникациите, јавните набавки, услугите и прекуграничните платени сметки. А пак за да се обезбеди можност на малите и средни претпријатија да влезат на нови пазари и да се натпреваруваат на фер основа било потребно да се изврши конкретна примена на Европските и националните правила за конкуренција и државна помош.

7. *Оданочување и финансиска помош*

Даночните системи требало да бидат прилагодени на тој начин што ќе го наградуваат успехот, ќе ги охрабруваат почетните бизниси, ќе ја фаворизираат експанзијата на малите претпријатија, ќе го поттикнуваат креирањето на нови работни места и ќе го олеснат развојот на средни претпријатија. Затоа требало да се применуваат најдобрите практики за одданочување и поттикнување на лични иницијативи. Меѓутоа за успех на замислите во реалност, на претприемачите им требаат пари. За таа цел треба да се подобри пристапот на малите и средни претпријатија кон финансиките услуги. Тоа се постигнувало преку: идентификација и отрстанување на бариерите за создавање на пан-европски пазар на капитал, отстранување на бариерите за реализација на акциони планови за финансиски услуги и акциониот план за ризичен капитал; подобрување на врската меѓу банкарскиот систем и претприајтијата, преку создавање на соодветни услови за пристап кон кредити и кон фондови; подобрување на пристапот кон структурните фондови, поттикнување на иницијативите на Европската инвестициона банка за зголемување на расположливите фондови за финансирање на почетни претпријатија.

8. *Засилување на технолошкиот капацитет на малите и средни претпријатија*

Оваа цел подразбирала засилување на постојаните програми за трансфер на нови технологии кон МСП, како и подобрување на капацитетот на претпријатијата за идентификација, избор и примена на нови технологии. Тука требало да се поттикне технолошката соработка и размена меѓу претпријатијата од различна гоелмина, требало да се развијат поефикасни истражувачки програми кои би биле фокусирани на комерцијална примена на науката и технологијата, развивање и воведување на ситеми за квалитет и сертификација на претпријатијата. Понатаму требало да се поттикнува и соработката на претпријатијата на локално, национално, Европско и меѓународно ниво,

како и соработка меѓу МСП и високообразовните и научни институции. Исто така требало да се поддржуваат и активности на национално и регионално ниво кои биле насочени кон формирање на кластери и мрежи, активности во насока на развивање на паневропска соработка меѓу претпријатијата преку користење на информатичката технологија и стандардизираните договори за соработка, активности за подобрување на можностите за влез на паневропскиот пазар, активности за проширување на трети пазари и сл.

9. *Успешни модели за електронски бизнис и врвна поддршка за малите бизниси*

Европската Комисија и земјите-членки треба да ги охрабруваат малите и средни претпријатија во примена на најдобрите практики и усвојување на најуспешните бизнис-модели, кои овозможувале развој на економијата. Исто така требало да се координираат и актвностите на земјите-членки и ЕУ во насока на создавење лесно достапни и разбирливи информациски ситеми, ситеми за деловна поддршка, мрежи и услуги соодветни на потребите на претпријатијата, обезбедување широк пристап до водство и поддршка од менторите и донаторите, преку користење на веб страни и користење на Европската опсерваторија за МСП.

10. *Развивање на посилно и поефикасно застапување на интересите на претпријатијата на национално ниво и на ниво на ЕУ*

Оваа цел наједноставно била оставрлива ореку општествен дијалог меѓу малите и средни бизнис на национално ниво и на ниво на ЕУ.

# 4. ПРОГРАМИ ЗА ПОДДРШКА НА МСП ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Европкста Унија обезбедува поддршка за малите и средни претпријатија. Станува збор за различни форми на субвенции/грантови, заеми и во некои случаи како гаранции. Поддршката е достапна или дирекно или преку програми, менаџирани на национално или регионално ниво. Малите и средни претпријатија исто така можат да имаат и корист од нефинасирани мерки во форма на програми и услуги за бизнис поддршка.

Поддршката главно е поделена во четири категории:

- Финансирање според тематски области;
- структурни фондови;
- финансиски инструменти;
- поддршка за интернационализација на МСП.

Во рамките на ЕУ се дефинираат определени приротетни подрачја, какви што се на пример: истражувања, животна средина, климатски промени, образование и други. Финансирањето најчесто е дизајнирано и имплементирано од надлежни институции на Европската Комисија. Малите и средни претпријатија или други организации, обично аплицирале дирекно за програмите, и тоа во услови кои тие ги презентираат. Во зависност од програмата, апликантите можеле да вклучат и индустриски групации, бизнис асоцијации, деловни и бизнис поддршки, како и консултанти. Исто така, кофинансирањето е генерално правило, бидејќи поддршката на ЕУ обично содржи субвенции кои покривале само дел од трошоците за проектот.

Структурните фондови и Европските социјални фондови се најголемите инструменти на Европскта комисија за поддршка на МСП, преку разните тематски програми и иницијативи имплементирани во регионот. Програмите и проектите се менаџирани и селектирани на национално и регионално ниво.

Повеќето финансиски инструменти се достапни само индиректно, преку национални финансиски посредници. Повеќето од нив се менџирани од Европските инвестициони фондови. Поддршка за интернационализација на МСП обично содржела помош од посреднички организации и/или од јавната власт во полето на интернационализацијата, помагајќи им на МСП да излезат и на пазарите надвор од Европската Унија.

## 4.1. Можности за финансирање

Како што рековме финансирањето на Европската Унија е поделено по тематски единици или области за финасирање. Области во кои се издвојуваат и се вложуваат најголем број на средства се следниве:

**Животна средина, енергија и транспорт, која пак ги содржи следниве програми:**

Програмата LIVE+ е финансики инструмент на ЕУ за природата, политика и управување со животната средина и климатските акции, и информациски и комуникациски елементи кои се однесуваат на подигнување на свеста за заштита на животната средина. Преку оваа програма од буџетот на ЕУ за периодот од 2014-2020 година ќе се издвојуваат и сретства за финансирање на земјоделството и регионалниот развој.

Рамковна програма за конкурентност и иновативност-Competitivness and innovation framework programme или CIP, е програма на ЕУ која како главна цел ги има малите и средни претпријатија, поддржувајќи ги нивните иновациски активности (вклучувајки и еко-иновации) и обезбедувајќи им достапност до финансии и бизнис поддршка во регионот кај што се наоѓаат. Оваа програма исто така ги охрабрувала претпријатијата во прифаќање и користење на информатичките и комуникациските технологии, а со тоа го поддржувала и развојот на информатичко општество. Исто така промовирала и употреба на обновливи енергии и енергетска ефикасност. CIP е поделена на три оперативни програми, од кои секоја има свој специфични цели, сакајќи да придонесат за зголемување на конкурентноста на претпријатијата, нивните иновативни капацитети и создавање на одржлива енергија. Тие програми се: The Entrepreneurship and Innovation Programme (EIP), The Information Communication Technologies Policy Support Programme (ICT-PSP), The Intelligent Energy Europe Programme (IEE).

*Програма за претприемништво и иновации-The Enterpreneurship and Innovation Program* имала за цел да го олесни пристапот до финансии за започнување и раст на МСП и поттикнување на инвестициски активности, како и да се создаде поволни услови за соработка на МСП и информирање, пред сè во делот на прекуграничната соработка. Своите цели оваа програма ги остварувала преку следниве акции:

- пристап до финансии за МСП преку финансиските инструменти на ЕУ, таргетирајќи ги претпријатијата во различни фази од нивниот животниот циклус и поддржувајќи ги инвестициите во технолошкиот развој, трансфер на технологија и преку-граничен развој на бизнис-активностите.
- Enterprise Europe Netvork – мрежа на услужни центри за поддршка на бизнис иновации, кои обезбедуваат услуги за поддршка на бизнисот и иновациите, со цел зголемување на бројни квалитетни услуги и зголемување на конкурентноста.
- поддршка на иницијативи за промовирање на претприемништво и иновации, каде се обезбедува поддршка за транснационално вмрежување на иновативни претпријатија и други актери во процесотна иновирање, иницијативи и размена на добри практики.
- екоиновации каде одржливиот развој станувал бизнис реалност во насока на поддржување на иновативни производи, процеси и услуги кои пак се насочени кон унапредување на животната средина, превенција на загадувањето или поефикасно и поодговорно користење на природните ресурси.
- поддршка за креирање на политики, се организираат бројни конференции за собирање и промовирање на секторски знаења, за информирање на креаторите на политиките и давање на сугестии за зголемена кохерентност и соработка.

*Програма за поддршка на политиката за информатичко комуникациски технологии-The Information Communication Technologies Policy Support Programme (ICT-PSP)* имала за цел да стимулира иновативни информациски решенија и услуги, каде генрално се финансирале информатички услуги во следниве области: иформатичи услуги за здравството, дигитални архиви и библиотеки, информатички услуги за подобрување на јавните услуги, информациски услуги за енергетска ефикасност и интелегентна мобилност, јазична веб и интернет еволуција.

*Европска програма за интелегентна енергија-Intelligent Energy Europe Program* имала за цел да влијае на климатските промени и енергетски цели на ЕУ. Поддржува конкретни проекти, иницијатив или најдобри практики во насока на ефикасноо искористување и обновување на енергијата.

МАРКО ПОЛО II пак е програма која имала за цел да го олесни патниот метеж, како и да го намали загадувањето кое произлегува од таквиот сообраќаен метеж.

Наменета е за стимулирање на конкурентноста на комбинираниот транспорт ( копнен, воден, воздушен).

**Иновации и истражувања**

Седмата рамковна програма за истражување и технолошки развој (2007-2013)- The Seventh Framework Programme for Research and Tehnological Developmnt(2007-2013) е програма која содржела три компоненти, знаење, образование и институции, сите насочени кон зголемување на вработувањето во ЕУ. Оваа програма финансирала и проекти и програми со цел да се поддржат и охрабрат истражувачки области. Оваа програма посветувала посебно внимание на МСП и тоа преку различни програми: „Cooperation", „Ideas", „People" и „Capacities"

*Соработка-Cooperation* е програма за соработка и поддршка на истражувањата, која се остварувала преку интернационални проекти за соработка на ЕУ. Оваа програма промовирала интернационален прогрес во знаењето и технологијата. Таа била поделена на 10 тематски области кои што коренсподираат на полето на науката и истражузањето. Главна функција на програмата била да го интензивира истражувањето за да се пресретнат европските социјални, економски, климатски, здравствени и индустриски предизвици и да им се даде поддршка на јавните услуги на земјите во развој. Тематските области кои ги поддржувала оваа програма се: здравство, исхрана, земјоделство и рибарство, биотехнологија, информациско-комуникациски технологии, нанотехнологии, материјали и нови производи, енергија, околина, транспорт, соци-економски науки, безбедност.

*Идеи-Ideas* е програма која имала за цел да ја интензивира европската конкурентност преку привлекување и поддршка на најталентираните. Средствата од оваа програма се издвојувале за финансирање на истражувања со висок ризик и големо влијание врз научните процеси, притоа поддржувајќи ги научниците да истражуваат во нови брзо растечки области.

*Луѓе-People* пак е програма преку која се спроведувале активности за тренинг, обука, истражување и мобилност на висококвалификуваните научници и истражувачи во Европа и светот. Целта на ваквата програма била зголемување на квалитетот на живеењето и придонес на повисок економски развој.

*Капацитет-Capacities* е програма која имала за цел да го зголеми користењето и развојот на истражувачката инфрастриктура на МСП, истовремено стимулирајќи ги и

иновациските капацитети кон развој и истражувања. Крајната цел на оваа програма била науката да се доближи до општеството, а како најзначајни области кои добиваат финансиска поддршка биле: истражувачкиа инфраструктура, истражувања во корист на МСП, формирање на региони на знаење, истражувачки потенцијали, наука во општеството.

*Еурека или Европска програма за поддршка на истражувањето и развојот* **Eureka- EU Research and Development support program** е програма која им нудела на истражувачките и индустриските организации конкретни можности за вклучување и соработка во меѓународни иновативни проекти. Ваквата програма ги подобрувала активностите на малите и средните претпријатија, големите компании, истражувачки центри, јавната администрација во насока на развој на пазарно-ориентирани проекти неопходни за поддршка на економскиот раст. Програмата па EUROSTARS е во рамките на EUREKA, специфично наменета за малите и средни препријатија, кои се занимаваат со истражување и развој, со цел да бидат поттикнати меѓународни иновативни проекти, олеснувајќи им го пристапот до финансии. Оваа програма била наменета за поддршка на сите технолошки области, но проектот требал да има општествена цел и насока кон развој на нов продукт, процес или услуга. Ваквиот проект морал да има вклучено најмалку две претпријатија од две различни земји, каде времетраењето било ограничено на 3 години, а во наредните 2 години од завршувањето на проектот, производот требало да се појави на пазарот.

**Едукација и тренинг**

*Програма за доживотно учење Леонардо Да Винчи, Lifelong Learning Program-Leonardo Da Vinci* која е наменета за финансирање во насока на задоволување на потребите за учење и знаење при стручна едукација и тренинг. Целта на оваа програма била да го подобри квалитетот на системот за учење преку развој и трансфер на иновативни политики, методи и процедури, за да се помогне во добивање на нови знаења, способности и квалификации, како и поттикнување на конкурентноста на меѓународно ниво.

*Еразмус за млади претприемачи -Erasmus for Young Entrepreneurs* е програма која им овозможувала на младите претприемачи да учат од искусни сопственици на мали бизниси како од својата земја така и од други земји. Исто така има за цел да ја зголеми и претприемачката култура и стимулирање на средина во која може да се

создадат мали фирми, да напредуваат и да се прошират. Еразмус настојува да го зголеми бројот на start-ups, и зголемување на нивната отпорност; поттикнување на прекуграничните трансфери на знаење и соработка меѓу малите фирми; помагање на малите фирми во иновирањето и нивно меѓународно презентирање, создавање на работни места.

**Култура и медиуми**

*Култура 1- Поддршка на акции од областа на културата-Culture 1- Support for cultural actions* била создадена да ја унапреди културната област-заедничка за жителите на Европа, која почива врз заедничкото културно наследство, преку културна соработка помеѓу културните оператори од земјите учеснички во програмата. Нејзини глави цели се: поттикнување на традиционалната мобилност меѓу уметниците и вработените во културниот сектор, да се поттикне транснационалната мобилност културните и уметничките производи, промовирање на интеркултурниот дијалог.

*Култура 3- Поддршка на анализи, собирање и дисеминација,Culture 3 –Support for analyses, collection and disseminations* – чија основна цел е, исто така, унапредување на културата за жителите на Европа, само што оваа програма финансира склучување на договори за собирање, анализирање и дисеминација на информации на полето на културата и соработката.

*Медиуми 2007, Media 2007* –програма која е наменета за продукциски и постпродукциски активности вклучувајќи дистрибуција и промоција. Главна цел е засилување на аудиовизуелниот европски простор во Унијата и надвор од неа, преку поддршка на МСП и употреба на нова технологија. Програмата била поделена на пет акции: обука за професионалци, развој на проекти и фирми за продукција, дистрибуција на кинематографски дела и аудиовизуелни програми, поддршка на кинематографски фестивали и пилот-проекти.

**Европска мрежа за воспоставување соработка во областа на науката и технологијата, COST ( Cooperation in Science and Technology)**

Мрежата COST е меѓувладина Европска мрежа за воспоставување соработка во областа на науката и технологијата. Таа овозможувала соработка помеѓу МСП, како и помеѓу европските партнерски институции. Ваквата врска се одржувала преку организирање на конзорциуми на учесници, каде секој од учесниците добивал

одредена финансиска поддршка, со што се надминувала фрагментираноста на истаржувањеата во одредени области, се обединувале способностите, капацитетите и знаењата на различните земји учеснички, односно институции, а сето тоа придонесувало за решавање на одредени било научни, било технолошки проблеми. Оваа програма заедно со Еурека и Европските рамковни програми претставувале столбови на Европските иницијативи во истражувањето. Секој од овие столбови имал свои специфики. COST ги поддржувала т.н. неконкурентни истражувања, и токму поради тоа често пати претставувала појдовна основа за воспоставување почетни контакти и размена на истражувачки идеи.

Ваквата програма била од големо значење за земјите кои не биле членки на ЕУ бидејќи пристапот до оваа програма бил многу лесен и предвидувал само постоење на интерес за решавање на дадени проблеми, како и поседување на одредени капацитети за решавање на таквите проблеми. Исто така оваа програма обезбедувала и можност за мобилност на истражувачите, овозможувајќи да се пренесат знаења и искуства од земјите/институциите со високи стандарди и знаења во технологијата, во простори, односно земји и институции кои помалку или повеќе заостанувале во таквиот развој, или се стремеле кон заедничкиот технолошки простор.

Подрачја кои ги поктивал COST:

- биомедицина и молекуларна наука
- храна и земјоделство
- шуми, нивните производи и услуги
- материјали, физика и нано-науки
- хемија и молекуларни науки и технологии
- науки за земјениот ситем и управување со животната средина
- информатички и комуникациски технологии
- транспорт и урбан развој
- лица, општества, култури и здравје.

## 4.2. Структурни фондови

Структурните фондови се дизајнирани за да помогнат при намалување на диспаритетите, односно разликите во самиот развој на регионите, и да промовираат економска и социјална кохезија на земјите-членки со Европската Унија. Еврпската

комисија кофинансира регионални проекти во земјите-членки. Важно е да се напомене дека дирекната помош на малите и средни претпријатија и кофинансирањето било возможно само во економски неразвиени региони. Исто така програмите се менаџирани и селектирани на национално и/или регионално ново.

### 4.2.1. Европски фонд за регинален развој-European Regional Development Fund

Европски фонд за регионален развој-European Regional Development Fund- е најголемиот фонд, чија цел е да ги намали разликите во развојот на регионите и да ја поддржи економската и социјалната кохезивност на Европската Унија. За да се зголеми силата и компетитивноста на малите и средни претпријатија, овој фонд финансирал широк опсег на области:

1. Претприемништво, иновации и конкурентност на малите и средни претпријатија (на пример: претприемнички мониторинг, иновативни технологии и менаџмент ситем во МСП, еко-иновации, подобра употреба на ICT);
2. Подобрување на регионалната и локалната околина за МСП ( на пр. достапност на капитал за МСП во start-up и во фазата на растење, бизнис инфраструктура и сервис за поддршка на МСП, бизнис кооперација и иновативни капацитети);
3. Меѓурегионална и прекугранична соработка за МСП;
4. Инвестиции во човечки ресурси.

Ресурсите за ваквите области зависеле од категоријата на регионот.

### 4.2.2. Евопски социјален фонд -European Social Fund

За периодот од 2007 до 2013 година, овој фонд обезбедувал поддршка за учество и економско менаџирање, како и социјални промени за малите и средни претпријатија, преку бројни можности за поддршка на МСП. Најзначајните четири области на дејствување на овој фонд се:

- зголемување на адаптабилноста на работниците и претпријатијата;
- подобрување на пристапот до вработување и учеството на пазарот на трудот;
- зајакнување на социјалната вклученост и борба против дискриминацијата и олеснување на пристапот до пазарот на трудот за обесправените луѓе;
- промовирање на партнерство за реформи на полето на вработувањето и вклучувањето.

### 4.2.3. Фонд за рурален развој-Rural Developmant Fund

Овој фонд за периодот од 2007 до 2013 година се фокусирал на три темтски цели:

- подобрување на конкурентност за земјоделство и шумарство;
- подобрување на животната средина и селата;
- на квалитетот на животот и диверзификација на руралнаѕа економија.

За сите овие цели земјите-членки подготвувале национална стратегија за рурален развој базирани на следниве шест упатства:

- подобрување на компетативноста во агрокултурниот и шумарскиот сектор;
- подобрување на животната околина;
- на квалитетот на животот во руралните области;
- градење на локален капацитет за вработување;
- претварање на приоритетеите во програми;
- комплементарност помеѓу општествените инструменти;

## 4.3. Финансики инструменти

Финансиските инструменти не обезбедувале дирекно финасирање на малите и средни претпријатија. Финасирањето обично било обработено преку финансиски посредници какви што се: банките, кредитните институции или инвестициксите фондови. Ваквите инструменти биле наменети за зголемување на обемот на кредити достапни за малите и средни претпријатија, како и за охрабрување на посредниците за да го развијат крадитниот капацитет за малите и средни претпријатија.

### 4.3.1. Европски инвестициски Фонд (ЕИФ)

Микро, мали и средни претпријатија биле 'рбетот на европската економија.Тие биле главните обезбедувачи на иновации, пораст, вработување, економскиот развој и социјалната кохезија. За да го реализираат својот целосен потенцијална МСП им требало соодветен пристап до финансии. Европскиот инвестиционен Фонд (ЕИФ) , како водечки развивач на Европа за финансирање на ризик за претприемништво и иновации, бил формирана со цел да им обезбеди на МСП ваков пристап. ЕИФ им

обезбедувал широк спектар на иновативни финансиски решенија за микро, мали и средни претпријатија низ Европа. Ваквите решенија вклучувале капитал, гаранции, кредит за подобрување и микрофинансирање и се испорачувале преку финансиски посредници. Поради потребата од континуирана адаптација на променливите потреби на пазарот, ЕИФ играл значајна улога во време на економска криза. Улогата на ЕИФ, односно неговата цел, била да ја поддржи политиката на ЕУ, нејзините цели, пред се во областа на иновациите, технологијата, растот, вработување, претприемништво и регионален развој не доведувајќи ја во прашање пазарната ориентација, односно комерцијални цени и добар баланс на плаќање. ЕИФ е водечки европски фонд, инвеститор во ризичен капитал, придонесувал за раст на капиталот и главен снабдувач на заем за мали и средни претпријатија, обезбедувајќи притоа портфолио гаранции, кредитни подобрување и микрофинансирање. ЕИФ обезбедувал помош само индиректно. ЕИФ не обезбедувал директно финансирање или грантови за мали и средни претпријатија или поединци. ЕИФ индиректно ги поддржува малите и средни претпријатија од работа со широк опсег на финансиски посредници (банките, гаранција, институциите за микрофинансирање, приватниот капитал и вложување на капитал фондови). Како што рековме, централна мисија на ЕИФ е поддршка на малите и средни претпријатија во Европа помагајќи им да дојдат до потребните финансии. За таа цел, ЕИФ се трудел да ги задоволи постојните и идните потреби на МСП.

ЕИФ обезбедувал финансиски решенија за да им помогне на земјите кои сакаат да пристапат во Европската Унија, и кои сакале да го развијат својот капитал, да постигнат оддржливост на регионалните МСП и тоа преку кредитниот сектор. ЕИФ се обидувал да ги идентификува пазарните неуспеси, и бил обврзан да обезбеди помош за МСП во помалку развиените региони во ЕУ. Настојувајќи да одговори на посебните потреби на одредени региони во Европа, ЕИФ се вклучувал во голем број на иницијативи за промовирање на регионалната развој на бизнисот и ја користел својата експертиза и искуство за да создаде влијание на пазарот преку локалната имплементација на финансиски инструменти.

ЕИФ го промовирла регионален развој и кохезионата политика на ЕУ преку:

-*JEREMIE* (Заеднички европски ресурси за микро и средни претпријатија ). JEREMIE е заедничка иницијатива на Европската комисија и Европскиот инвестициски фонд со Европската инвестициона банка. Таа имала за цел да го подобри пристапот до финансии за микро, мали и средни претпријатија и особено да понуди поддршка за

микро-кредити, капитал финансии или гаранции и други форми на иновативни финансирања. Особен акцент е ставен на поддршката за start-ups, трансфер на технологија, технологија и иновации средства и микро-кредит. JEREMIE е управува како составен дел од Европскиот фонд за регионален развој, а проектите биле избрани на национално и регионално ниво.

Joint Action to Support Micro-finance Institutions in Europe – JASMINE, е заедничка акција за поддршка на микро-финансиски институции во Европа. Таа била заедничка иницијатива на Европската комисија и Европскиот инвестициски фонд, каде заедно со Европската инвестицона банка и ја надополнува иницијатива JEREMIE. Имала за цел да ја развие понудата на микро-кредитната во Европа со помош на две главни активности: преку обезбедување на техничка помош за микро-финансирање на институции со цел да им помогне да бидат веродостојни финансиски посредници и да добијат полесно и поголем капитал; и со финансирање на активностите на небанкарски финансиски институции да им се овозможи да се обезбедат поголем број на кредити. Целта на програмата била да се подобри пристапот до финансии на малите бизниси, невработени луѓе, или на луѓе кои во моментов не биле вработени а кои би сакале да станат самовработени, но кои не биле во можност, и на истите да им обезбеди пристап до традиционалните банкарски услуги.

ЕИФ исто така оставрува партнерство со националните институции, обезбедувајќи на тој начин централен дел во стратешкиот развој на претпријатијата. ЕИФ советувал, спонзорирал или унапредувал и други фондови, обезбедувал соработки со трети лица инвеститори, каде што ги вклучувал и националните и регионалните власти, и приватни стратешки инвеститори. Сето тоа било со цел да се поддржат целите на политиката на ЕУ и да се обезбеди широк избор на финансиски решенија кои биле прилагодени на националните проекти за поддршка.

### 4.3.2. Европската кредитна иинвестициона банка (ЕИБ)

Европската кредитна и инвестициона банка (ЕИБ) е непрофитна институција за долгорочно кредитирање на Европската унија основана во 1958 година според Договорот од Рим. Како "политички управувана банка" чии акционери се земјите членки на ЕУ, ЕИБ ги насочувала своите финансиски операции кон европската интеграција и социјална кохезија. Таа не треба да се мешаат со Европската централна

банка. ЕИБ е меѓународна финансиска институција со јавна сопственост и нејзините акционери се земјите членки на Европската унија.

ЕИБ обезбедува кредити, заеми за МСП и ваквите кредити биле доставувани преку посредници како што се комерцијалните банки. Тие се насочени кон материјални или нематеријални инвестиции од страна на малите и средни претпријатија. Заемите од ЕИБ, исто така, можеле да помогне да се обезбеди стабилна работна и капитална база на МСП, односно кредити одобрени за финансирање на обврски поврзани со тргување на мали и средни претпријатија.

Во стратегија за заеми во рамките на ЕУ, ЕИБ имала шест приоритетни цели:

- кохезија и конвергенција (регионалната политика);
- поддршка за малите и средни претпријатија;
- одржливоста на животната средина;
- економија на знаење;
- развојот на трансевропските мрежи за транспорт и енергија;
- одржливо, конкурентно и сигурно снабдување со енергија;
- стратегија за позајмување надвор од ЕУ;

Надвор од ЕУ приоритетни цели на ЕИБ за кредитната активност се:

- развојот на приватниот сектор;
- развој на финансискиот сектор;
- развојот на инфраструктурата;
- безбедноста при снабдувањето со енергија;
- одржливоста на животната средина.[15]

### 4.3.3. Инструмент за претпристапна помош (ИПА)

Од јануари 2007 година, со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) се применува серијата на програми на Европската унија и финансиските инструменти за земјите-кандидати или потенцијални земји кандидати. ИПА е составена од пет различни компоненти:

- помош за транзиција и институционална надградба;

[15]http://www.eib.org/about/index.htm

- прекугранична соработка (со земјите членки на ЕУ и други земји имаат право на ИПА);
- регионален развој ( транспорт, животна средина , регионална и економски развој);
- човечки ресурси (зајакнување на човечкиот капитал и борба против исклучувањето);
- руралниот развој.

Земјите-кориснички на ИПА инструментот биле поделени во две категории:
- земји кандидати за ЕУ (Турција и Република Македонија ) кои биле подобни за сите пет компоненти на ИПА;
- и потенцијалните земји-кандидатки во Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Косово според Резолуцијата 1244/99 на Советот за безбедност на ОН) биле прифатливи само за првите две компоненти.

За Р. Македонија во 2013 г. со овој инструмент биле планирани 113.200.000 евра [16]

Република Македонија имала пристап до:
- ИПА Компонента I (помош при транзиција и институционална надградба)
- ИПА Компонента II (Прекугранична соработка)
- ИПА Компонента III (регионален развој)
- ИПА Компонента IV (развој на човечки ресурси)
- ИПА Компонента V (рурален развој).

Помош во рамките на компонентите I, III, IV и V се управувани од страна на националните власти. Националните власти се одговорни за набавка и склучување договори за ИПА проектите, со претходна проценка од страна на Комисијата (Делегацијата на ЕУ во Скопје). Сите предлози за финансирање морало да бидат доставени во прв степен на националните власти. Помош во рамките на Компонентата II е раководен од страна на Делегацијата на ЕУ.

Помошта на ЕУ се фокусира на: реформата на јавната администрација, правда, внатрешни работи и основни права, развојот на приватниот сектор, земјоделството и руралниот развој, превоз, животната средина и климатските промени, социјален развој и сл.

[16].http://ec.europa.eu/enlargement/instruments/funding-by-country/former-yugoslav-republic-of-macedonia/index_en.htm

## 4.4. Поддршка за интернационализација на малите и средни претпријатија

### 4.4.1.Глобализација на малите и средни претпријатија

Глобализацијата е процес кој ги опфати и малите и средни претпријатија. Најопшто глобализацијата се определува како процес на слободно движење на стоки, услуги, капитал, луѓе, информации и знаење водејќи кон создавање на интегрирана глобална економија. Во последните дваесет години темпото на глобализацијата е значително забрзано. Поотворените економски политики, процесот на либерализација на трговијата во светот, техничкиот напредок, а особено во транспортот и врските придонесоа за намалување на трошоците во економските трансакции забрзувајќи го уште повеќе процесот на глобализацијата.

Најзначајните елементи на сегашниот бран на глобализацијата се:

- невидено намалување на трговските бариери во целиот свет;
- значително подобрена логистика и комуникациски системи достапни за сите компании;
- револуција на информатичката технологија, која го отворила патот за поголема и поразвиена технологија и знаења, како и размена на истите, развој на нови видови трансакции како е-трговија.[17]

Ова значи дека трговијата може да се спроведе поевтино, побрзо, полесно и на поголеми растојанија. Ова исто така овозможувало и помала достапност на големите глобални пазари како Бразил, Кина, Русија, Индија.

Самиот процес на глобализацијата не е само трговија. Таа исто така вклучувала и странски директни инвестиции, офшор и релокација, зголемување на сите форми на трансфер на технологија. Како последица на сето ова компаниите не само што имаат поголеми можности во пристапот на повеќе пазари и добавувачи, исто така имаат и поголеми можности при утврдување на организацијата, управувањето и локацијата на повеќето аспекти на своите операции. Преку процесот на глобализација постојано се губат националните граници и нивното значење во смисла на ограничување на човечката интеракција во општата и економската соработка. Ова значи дека за сите

---

[17]http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/support_measures/internationalisation/report_internat_en.pdf

економски субјекти, како и нивните природни сфери на активности се шири од националните во мултинационални или дури и глобални рамки.

*Но како процесот на глобализација е важен за МСП, и како тие го трансформираат во своја полза?*

За МСП глобализацијата значи дека природната или локалната средина, постојано се трансформирала и растела, со што се зголемувале можностите за пристап на поголеми пазари и нови добавувачи, но тоа истовремено значело и поголема конкуренција, може би и пократок производен циклус. Но голем дел од претпријатијата останале пасивни и покрај фактот дека ваквата промена, односно процесот на глобализација во иднина може да го забрза своето темпо на развој и така дел од претпријатијата да го изгубат своето постоење.

Ваквата поголема интеграција и намалени бариери значи дека меѓународниот натпревар започнува дома, на национално ниво. Дури и бизниси кои се фокусирале на примарно, или дури и исклучиво, на домашниот пазар требало да бидат конкурентни на меѓународно ниво , со цел да се обезбедат долгорочен опстанок и раст. Процесот на глобализацијата, значи постојано менување на сценариото, каде се барало постојана инвентивност, флексибилност, разновидност на квалитети. Прифаќањето на ваквите квалитети за малите и средни претпријатија значело не само справување со процесот на глобализација, туку и нејзино прифаќање и остварување на профит од неа.Затоа, активен однос во процесот на глобалната конкуренција и пазари не претставувало повеќе избор туку прашање на потреба. Секоја компанија морала да ја усвои интернационализација, како дел од стратешките пребарување за конкурентност на компанијата, а не како реакција на намалена национелена побарувачка. Континураниот развој на технологијата, менаџерските и оперативните иновации во внатрешноста на малите и средни претпријатија би биле клуч за обезбедување на нивен одржлив раст и развој.

Интернационализација е мотор за конкурентноста на МСП. Интернационализираните компании покажале дека имаат подобар капацитет за иновации и растат. Студијата 2002 OECD High-Growth SMEs and Employment, покажала дека извозот е претходник на силен раст за компаниите.[18] Исто така со бројни студии било потврдено дека врската помеѓу извозот и подобрената продуктивност, доведуват до раст и развој на претпријатијата кои излегле на меѓународните пазари одколку на претпријатија кои

---

[18]Final Report of the Expert GrouponSupporting the internationalisationof SMEs, December 2011

продавале само на домашниот парзар. Но придобивките на интернационализација не се однесувале исклучиво на извозот. Извоз би претставувал традиционалниот начин за интернационализира , но се уште е многу важна, и улогата на увозот. Тој не само што претставувал извор на подобрени перформанси , преку стекнување на нови технологии и способности, туку и увозниците имале тенденција да станат извозници.

Други форми на интернационализација се странските дирекни инвестиции (како релокација), потоа технолошките трансфери, учеството во синџири на меѓународни вредности и други форми на внатрешна соработка во МСП. Сите овие форми придонесувале за зголемување на конкурентноста, пристап до повеќе пазари, зголемување на мотивацијата кај претпријатијата, зголемување на пристапот понова технологија, а воедно и до поефтини и полесни влезови на меѓународните пазари.

Помошта која се обезбедува за МСП од страна на ЕУ, при процесот на интернационализација не е дирекна, таа е индирекна, односно не е дирекно финансирање на малите и средни претпријатија, туку таа помош се обезбедувала преку посредници и/или јавните власти. За следниве програми, Европската комисија обезбедувала индиректно финансирање на мали и средни претпријатија преку олеснување на пристапот до кредити, лизинг, како и соработка со меѓународни финансиски институции (ЕИБ и ЕБОР). Финансиски посредници во земјите кои пак биле кандидати за членство морале да бидат посветени на развивање на операции на МСП, како значаен дел од нивниот бизнис.

## 5. Значењето на МСП во ЕУ, САД и Јапонија

Лисабонската стартегија имала за цел да ја направи ЕУ најконкурентна и најдинамична економија базирана на знаења, способна за оддржлив развој, создавање на повеќе и подобри работни места и развивање на поголема социјална кохезија. Како услов за остварување на оваа цел требало да се развие средина во која претпријатијата можеле да опстанат и да растат. Со оглед на улогата која МСП ја имале во економијата, успехот на Лисабонската стратегија пред се зависел од успехот на претпријатијата. Централната улога на МСП во економијата на ЕУ била призната од страна на Комисијата и Актот за мали бизниси, бидејќи најголем процент од претпријатијата во ЕУ биле мали и средни, обезбедувајќи повеќе од 2/3 вработеност во приватниот сектор. Европските МСП претставуваат столб на ЕУ.

Што се однесувало до САД, МСП исто така давале значаен придонес во економијата, односно во создавањето на работни места, претприемништво и БДП. Во 2004 г. МСП и придонесот кон БДП, главно биле концентрирани во услужниот сектор, во производството, рударството и градежништвото. Покрај моќноста за зголемување на вработеноста, МСП одиграле и значајна улога во иновациите и развојот на претприемачките вештини. Тие исто така биле значаен извор на иновативни процеси, добра и услуги. Стапката на вработеноси во МСП се менувала низ текот на годините. Исто така споредбено со ЕУ, во ист период овие две економии покажуваат различна стапка на вработеност, ако во САД опаѓала, во ЕУ растела и обратно.

Кога станува збор за Јапонија, исто така, 99 % од развиените бизниси биле во доменот на мали и средни претпријатија, каде исто така вработувале поголем дел од популацијата и создавале голем дел од економскиот аутпут. Поголемиот дел од компаниите кои не биле познати како гиганти во Јапонија, тие го формирале услужниот сектор како клучен дел од производството и извозниот синџир на снабдување. МСП во Јапонија исто така биле погодени од рецесија, соочувајќи се со одредени проблеми при обезбедување на финансии. Банките не сакале да даваат заеми на малите претпријатија. Исто така, Јапонските МСП засостанувале на меѓународниот пазар, бидејќи со намалувањето на домашниот пазар, јапонските МСП морале да се интернационализираат. Јапонските МСП исто така имале отпор кон глобализацијата, со што се соочувале со недостаток од информации и пристапи до странските пазари, недостаток на способности за управување со ресурси, и како што рековме тешкотии

при обезбедување на финансии. Тие исто така инвестирале релативно малку во иновации. Јапонските и европските МСП имале одредени сличности, како на пример, обезбедувале витална значајност во домашните економии, создавајќи голем процент на вработеност во тој домен. МСП се потпирале на банкарски кредити за да ги исполнат своите финансиски потреби, а и двете имале проблеми со банкарски крзи. Јапонските МСП се соочиле со две децении стагнација, предизвик со кој може да се соочат европските МСП во иднина. Миграциите од региони со ниски кон региони со високи приходи, предизвикале во Јапонија, МСП да имаат одредени падови.

Што се однеува до САД и ЕУ, и двете економии се согласиле со потребата за зајакнување на трансатланската соработка во областа на МСП, и укажувајќи на потребата и зголемување на напорите за олеснето присуство на МСП и во двата континенти. Ваквата замисла треба да се оствари преку Американската администрација за меѓународна трговија и Enterprise Europe Network. Главна цел или предизвик за политиките на САД и ЕУ било обезбедување на соработка, иницијативи и поддршка за МСП, план за заедничко влегување на трети пазари, разгледување на мерки за специфична соработка како заеднички активности за поддршка и поттикнување на претприемништвото и иновациите, како и менторство за истите.

# 6. МСП ВО СТРАТЕГИЈА 2020 ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА 2020

Стратегијата ЈЕИ 2020 ги претставува заложбите на владите од Југоисточна Европа за прифаќање на политиките кои се неопходни за подобрување на социоекономскиот раст и развој, подобрување на просперитетот на граѓаните, како и олеснување на процесот за интеграција во ЕУ. Покрај напредокот што го покажал овој регион, сепак постојат уште предизвици со кој треба да се соочи. Токму оваа стратегија укажувала на потребата од заедничка соработка во одредени области на земијте во овој регион и на можноста токму оваа стратегија да донесе напредок, а со тоа и заеднички да бидат надминати предизвиците и да се остврат целите. Усвојувањето на оваа стратегија од страна на земјите од овој регион започна во 2011 година. По барање на министерствата од овој регион, во ноември 2012 г., националните влади, регионалните тела и другите соодветни институции се вклучиле во процесот на соработка, кој бил под покровителство на Советот за регионална соработка лоциран во Сараево. Како главни приоритети на оваа стратегија биле нагласени потребата за поттикнување на просперитетот, создавање на работни места и подобрување на европската перспектива за иднината на овој регион.

Целите и мерките кои биле изложени во Стратегијата биле присутни и во регионални договори како што биле ЦЕФТА и Договорот за енергетска заедница. Токму со ова се укажува на потребата од регионална соработка и засилување на владините напори за постигнување на амбициите од Стратегијата 2020. Стратегијата била составена од 5 столбови, секој соодветно обработен, со соодветни цели, мерки и активности кои се разликувале од столб до столб.

Стратегијата Европа 2020 била насочена кон следниве области: иновација, вештини и трговска интеграција, концентрирајќи се на меѓусебно поврзаните 5 столбови:

- Интегриран раст. Во оваа област требало да се работи на промовирање на регионалната трговија и инвестициите, како и креирање на политики за соработка кои се недескриминирачки, транспарентни и предвидливи.
- Паметен раст. Оваа област се однесувала на зголемување на заложбите за иновација и конкурентност на додадената вредност, а не на цената на работната сила.

- Одржлив раст. Овде заложбите биле насочени кон подигнување на нивото на конкурентност во приватниот сектор, развој на инфраструктурата, како и развој на еколошки и енергетски ефикасен раст.
- Инклузиваен раст. Овде акцентот бил ставен на развој на вештините, а со тоа о кон создавање на нови места за вработување и инклузивно учество на пазарот на работна сила.
- Добро владеење. Овде заложбите биле насочени кон зголемување на капацитетот на јавната администрација со зајакнување на владеење на правото и намалување на корупцијата, а сето тоа да придонесе за создавање на клима која би потикнала разработување на бизнисите и обезбедување на услуги кои биле неопходни за економскиот развој.

Овие столбови треба да бидат дел од политиките на земјите од Југоисточна Европа. Истовремено тие се задолжителен дел при пристапувањето кон Европската Унија. Оваа стратегија им давала рамка на владите од земјите на ЈЕИ, која ќе им помогне да ги спроведат развојните стратегии, да ги остварат целите поврзани со стратегијата, а воедно и нивниот пристап кон ЕУ. Секој столб содржи одреден број секторски димензии кои биле погодни за регионална соработка и активности од кои се очекувало да се постигнат главните цели на секој столб.

Стратегијата ЈИЕ 2020 била дизајнирана за да го подржи постигнувањето на националните цели преку регионална соработка, што значи дека националните влади и нивните администрации биле во центарот на процесот и ја носеле главната одговорност за развивање и спороведување на соодветните мерки, цели и активности.

Регионите од Југоисточна Европа ги вклучува следниве земји: Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Косово. Иако овие земји постигнале значаен напредок во економската и политичката трансформација, а со то и подобрување на животниот стандард и социјалната заштита, сепак се соочуваат со сериозни предизвици. Глобалната економска и финансиска криза не го одмина и овој регион, оставајќи последици врз ниските стапки на раст, зголемување на јавниот долг, висока стапка на невработеност. Како друг проблем кој се јавува во овој регион бил и недоволно функционалниот пазар. Тој бил неефикасен како резултат на процесот на транзиција. Локалнит бизнис средини биле соочени со бројни препреки, а тоа пак придонесувало за намалување на атрактивноста на овој регион за инвестирање.

Овој регион значително заостанувал зад развојот кој го имале поголем дел од земјите во Европа. Сето ова укажало на потребата од промена на моделот на раст во овој регион, и тоа преку забрзување на социо-економските реформи, мерки за модернизирање и индустријализација на економиите, создавање на нови работни места и обезбедување на подобар животен стандард.

Стратегијата Европа 2020 со еден збор се однесува на цели утврдени заеднички за сите земји-членки, која содржи 11 регионални и 77 национални цели, кои подразбирале псветеност на национално ниво за нивно спроведување, реформи на стратегиските политики како на регионално ниво така и на ниво на секоја земја,преземање и координирање на заеднички проекти, применувајќи соодветни мерки и инструменти, продлабочување на економската соработка а со тоа и олеснување на процесот на интеграција во Европската Унија. Исто така Стратегијата 2020 преку постигнување на висок и одржлив економски развој преку поголема конкурентност и посилна регионална соработка требало да доведе и до создавање на повеќе работни места. Тоа значело дека Стратегијата за периодот од 2010-2020 год. требало да ги постигне следните материјални социоекономски резултати:

- Југоисточна Европа треба да најде начин да го намали јазот со ЕУ во смисла на БДП по глава на жител; до крајот на 2020 год тој треба да достигне 44% од просечното ниво на ЕУ-28;
- вкупниот трговски промет на Југоисточна Европа треба да се зголеми повеќе од двојно и да достигне 210 милијарди евра;
- треба да се оствари премин на извозно ориентиран раст, што ќе помогне во намалувањето на вкупниот трговски дефицит на регионот и тоа близу 12% од БДП, до крајот на 2020 год."[19]

## 6.1.Столбовите на Стратегијата 2020

Како што наведовме Стратегијата 2020 содржи 5 меѓусебно поврзани стобови: интегриран раст; паметен раст; одржлив раст; инклузивен раст; со добро владеење до раст.

---

[19]Југоисточна Европа 2020:Работни места и просперитет во европската перспектива, предлог, октомври 2013

### 6.1.1. Интегриран раст

**Столб - Интегриран раст: Главни цели за 2020 година**

(во однос на 2010 година)

“Зголемување на внатререгионалната трговија со стоки во ЈИЕ за над 140%

Зголемување на целокупниот годишен проток на СДИ во регионот за најмалку 160%“[20]

Целта на овој столб била унапредување на регионалната трговија, инвестициските врски и стратегиски политики кои биле недескриминирачки, транспарентни и предвидливи. Исто така овој столб треба да придонесе за интеграција на регионот во глобалната и европската економија преку засилено учество на меѓународните врски. Активностите на стратегијата се насочени кон отстранување на останатите трговски бариери, подобрување на условите за влезни странски директни инвестиции, создавање на дополнителни мерки за олеснување на трговијата и подобрување на слободното движење на стручна работна сила.

*Столбот интегриран раст има 3 димензии:*

**Димензија А**, *зона на слободна трговија.* На 19 декмеври 2006 год. бил потпишан договрот ЦЕФТА 2006, со кој биле поставени рамките за слободна треговија во Југоисточна Европа. Со тоа започнал слободниот проток на индустриските стоки, како резултат на укинување на тарифите и квотите. Главните задачи и активности во оваа димензија биле насочени кон олеснување на трговијата и либерализација на трговијата. странските дирекни инвестиции претставувале еден од значајните фактори за модернизација на ЈИЕ. Како резултат на тоа Стратегијата 2020 ги предвидува следните активности во димензијата А, зона на слободна трговија:

- либерализација на трговијата со земјоделски производи со елиминација на тарифите и квотите;
- елиминација на изобличувачките нетарифни бариери и технички бариери на трговијата кои не се неопходни;
- олеснување на трговијата со употреба на алатки за транспарентност и поедноставување на трговските постапки;
- подобрување на царинската поврзаност по пат на воведување компјутеризирани методи во регионалната трговија;

---

[20] Југоисточна Европа 2020:Работни места и просперитет во европската перспектива, предлог, октомври 2013

- либерализација на внатрешната трговија со услуги со намалување на рестриктивните мерки и политики;
- олеснување на слободниот проток на инвестиции по пат на координација на политиките за инвестиции, промовирање на инвестициите и со подобрување на заштита на инвеститорите и инвестициите;
- олеснување на слободното движење на експерти, професионалци и стручна работна сила."[21]

**Димензија Б:** *конкурентно економско опкружување.* Оваа димензија опфаќа активности поврзани со олеснување на конкурентната економска средина преку засилување на синџирите меѓу трговијата и областите кои биле најтесно поврзани со неа. Клучни активности во оваа димензија се:

- зајакнати правила за конкуренција што ќе создадат подрачја без одбрамбени трговски инструменти во регионот;
- зајакната заштита на трговските марки насекаде во регионот;
- создавање целосно либерализиран пазар за јавни набавки во регионот."[22]

**Димензија В**: *интеграција во глобалната економија.* Оваа димензија ја претставува важноста од создавање на зголемен пристап до пазарите на сите водечки трговски партнери за земјите од регионот. Токму зголемувањето на тој пристап до пазарот претставува предуслов за интеграција во светската економија. За таа цел требало да се олесни учеството во глобалните синџири за снабдување и да се вложат силни напори за координација меѓу владините политики. Клучни активности во оваа димензија се:

- подобрен пазарен пристап како резултат на простапување кон единствена зона на дијагонална кумулација, хармонизација на давачките за најповластена нација во регионот на ЕУ;
- воспоставување на концепт за инвестиции за да се зголеми учеството во регионалните синџири за снабдување и глобалните снабдувачки мрежи;
- здружување на напорите за подобрување на деловната средина и унапредување на реформите за деловната клима."[23]

---

[21]Југоисточна Европа 2020:Работни места и просперитет во европската перспектива, предлог, октомври 2013

[22]Југоисточна Европа 2020:Работни места и просперитет во европската перспектива, предлог, октомври 2013

[23]Југоисточна Европа 2020:Работни места и просперитет во европската перспектива, предлог, октомври 2013

### 6.1.2. Паметен раст

**Столб - Паментен раст: Главни цели за 2020 година** (во однос на 2010 година)
"Пораст на БДП за 32% по вработено лице Зголемување на бројот на висококвалификувани во редовите на работната сила за 300.000"[24]

Паметен раст всушност се однесувало на максимата-економија засонвана на знаење. Нејзина основна цел, односно цел на столбот паметен раст било унапредување на иновациите, негување на растот на регионот кој ќе се засновал на конкурентност. Како главна цел на овој столб со ЈЕИ 2020 се поставила зголемување од 32% на просечната продуктивност на работната сила во однос на 2010 год., а таквата продуктивност да биде проследена со зголемување од 18% на висококвалификуваните редови на работна сила.

За остварување на овие цели биле идентификувани четири стратегиско-политички димензии кои се однесувале на овој столб. Тие биле одредени од старна на земјите од ЈИЕ. Такви димензии биле:

**Димензија Г:** *образование и способности.* Оваа димензија поставува за цел подобрување на регионалната база на знаења и вештини, како и намалување на ученици што рано го напуштаат образованието, зголемување на бројот на населението што стекнало терцијарно образование. Се залага и за зголемување на правичен пристап до и во образвание на сите нивоа, имплеметнација на мерки за превенција од рано напуштање на образовниот процес, обезбедување на систем за обуки кој го задоволувал пазарот на трудот.

**Димензија Д:** *истражување и развој и иновација.* Оваа димензија се однесува на потребата на земјите од ЈИЕ повеќе да инвестираат во истражување и иновации. Тоа понатаму подразбира унапредување на институционалните и политичките реформи и преземање на стратешки инвестиции во четири области: подобрување на истражувачката извонредност и продуктивност со инвестиција во човечки капитал за истражување, селективно наградување и подобра употреба на достапната инфраструктура, одобрување на режимот за мотивација за истражување и напредување во Болоњскиот процес. Оваа димензија подразбира воспоставување на фондови за

[24] Југоисточна Европа 2020:Работни места и просперитет во европската перспектива, предлог, октомври 2013

истражување, воведување на програма за пренос на технологија за стимулирање на соработка, создавање на програми за нови компании.

**Димензија Ѓ**: *дигитално општество*. Оваа димензија подразбирала зголемување на соработката за економски и социјален развој во ЈИЕ, како и искористување на информатичкиот и комуникацискиот потенцијал и технологии со цел да се подобри квалитетот на животот, да се поттикне иновативноста, економскиот раст и регионалната конкурентност. Активностите во оваа димензија се насочени кон развој на регионална инфраструктура која ќе обезбеди интернет пристап со голема брзина, развој на е-сервис со ставање предност на здравството, образованието, комерцијата и трговијата, обезбедување на обуки за ИТ со што би се зголемиле и можностите за вработување.

**Димензија Е**, *културни и креативни сектори*. Создавањето на културни и креативни сектори, сѐ уште претставува рана фаза во целиот регион од ЈИЕ. Сите земји се наоѓаат на различно ниво на развој. Затоа треба да се креира еден пристап на регионално ниво со цел да се зголеми и подобри културниот потенцијал на регионот. За да се постигне тоа треба да се спроведат голем број на активности на различни нивоа. Овој регион има значително културно наследство, кое ако стратешки се негува ќе придонесе за развој на туризмот, раст на малите и средни претпријатија, а сето тоа би придонело за подобрување на бизнис климата.

### 6.1.3. Одржлив раст

**Столб – Одржлив развој: Главни цели**

(во однос на 2010)

"Зголемување на нето создавање на претпријатија (нови бизниси годишно) од 30.107 на 33.760 Зголемување на извозот на стоки и услуги од регионот, по глава на жител од 1.780 евра на 4.250 евра"[25]

Остварувањето на овој столб подразбирало постоење на пристоен и одржлив транспорт и енергетска инфраструктура, конкурентна економска база и ефикасна економија во однос на ресурсите. Овој столб имал за цел да го зајакне растот на

[25] Југоисточна Европа 2020:Работни места и просперитет во европската перспектива, предлог, октомври 2013

работните места по пат на поддршка на силна, разновидна и конкурентна економска основа и истата да прерасне во поефикасна во однос на ресурсите. Регионот од ЈИЕ треба да оствари огромна соработка во оваа област и тоа со здружување на силите и постигнување на колективни напори за соработка. Потребно било да бидат преземени одредени интеревенции за подобрување на ефикасноста, за надградба на инфраструктурата и зголемување на конкурентноста, како и значителна политичка интервенција во однос на просторната организација и употребата на ресурсите.

Што се однесува до енергетската ефикасност, транспортната поврзаност и заштитата на животната средина, во овој регион таа е различна и варира во сите земји поединечно. Поврзаноста на државите како и пристапот до соодветни пристаништа исто така не бил соодветен за слободен проток на стоките и услугите. Мал број на мали и средни претпријатија ги прифаќале ваквите предизвици, со цел да биде зголемена конкурентноста, бидејќи тие имале тенденција да бидат ориентирани кон локалните пазари каде условите за конкуренција можеле и да бидат нетранспарентни, а и самите претпријатија се соочувале со недостаток од иновации и интернационализација. Кога стандардите за ефикасност на МСП не биле на ниво на конкурентните пазари и финансиски институции. Продуктивноста на ваквите претпријатија заостанувала зад нивните конкуренти. Конкурентноста пак може да се подобри ако се подржи развојот на претпријатија по пат на координирани правни, финансики и политички рамки и се разбира по пат на засилени кооперативни врски.

*Димензиите на одржливиот раст се:*

**Димензија Ж**, *енергија, осносно снабдување со енергија.* Недостатокот од снабдување со енергија или недостапноста до енергија претставува пречка за економскиот развој. Со овој проблем не се соочуваат само земјите од ЈИЕ, туку и останатите земји членики на ЕУ. Решавањето на ваквиот проблем подразбира барање на нови технолошки решенија, модернизација на енергетскиот сектор, и се разбира комуникацја и дијалог со соседите за изнаоѓање на решенија кои би биле прифатливи за сите засегнати страни. Како активности кои се преземаат во рамките на оваа димензија се: развивање и спроведување на мерки за зголемување на ефикасното искористување на енергијата и постигнување на енергетска заштита; развивање на инструменти за информирање и едуцирање на потрошувачите; развивање на инструменти кои ќе овозможеле поволна клима за инвестирање и ќе стимулира развивање на енергетска инфраструктура; развивање на инструменти за создавање на функционален енергетски пазар за земјите

од ЈИЕ и зголемување на соработката во полето на енергетиката за земјите од регионот.

**Димензија 3**: *транспорт.* Главни амбиции во рамките на оваа димензија кои ги поставила Стратегијата 2020 се: намалување на трошоците за транспорт по единица за транспортна услуга за 20%, подобрување на стапките за искористување на транспортната инфраструктура над 40%; поголема енергетска ефикасност со намалување на потрошувачката на енергија за услугите за транспорт за 20% и зголемување на учеството на железничкиот и водениот транспорт, како и олеснување на воздушниот транспорт. Активности кои се преземаат за остварување на ваквите цели се: развивање и спроведување на мерки за подобрување на искористеноста на транспортната инфраструктура; обезбедување на хармонизација со регулаторната рамка на ЕУ за транспорт поради создавање на заеднички пазарни услови и безбедносни стандарди во регионот; развивање на соодветни решенија со оптимално искористување на индивидуалните начини на транспорт и фокусирање на енергетски ефикасни и еколошки методи за транспорт; мерки за намалување на потрошувачката за енергија; мерки за либерализација на железничките услуги и отварање на железнички пазар за конкуренција; мерки за зголемување на авиотранспортната соработка и воздушниот сообраќа и зголемување на користењето на интелегентни транспортни системи во транспортниот сектор.

**Димензија S**: *животна средина.* Разновидноста на регионот во однос на климатските промени и емисијата на конвенционални загадувачи барала сеопфатна акција за адаптирање кон климатските промени, со цел да се постигнело општество и екоиномија кои ќе бидат поотпорни на климатските промени. Имајќи го предвид регионот се сметало дека најпогодни мерки за адаптирање кон климатските промени биле мерките поврзани со наводнувањето и пошумувањето. Таквото адаптирање барало обезбедување на доволно количество вода за градење на системи за наводнување на земјоделското земјиште, како и мелоризација на опустошеното земјиште и пошумување. Актвивности кои се преземале во оваа димензија биле: зголемување на адаптивниот концепт преку подигање на свеста и едукација за адаптација кон климатските промени; развивање и спроведување на мерки во делот за наводнување на земјоделското земјиште; мерки за годишно пошумување; мерки за унапредување на водостопанството, енергетскиот и прехрамбениот сектор како и мерки за започнување со спроведување на Рамковен договр за регионално интегрирано водостопанство.

**Димензија И**: *конкурентност*. Оваа димензија се состои од 7 различни области кои имаат различни активности, а согласно со тоа и соодветни мерки за остварување. Во оваа диманзија регионалната координација во делот на корпоративната општествена одговорност, конкурентната политика како и даночната политика претставувале носители за поддршка и развој на политиките за МСП како и можностите за пристап до финансии. Активности кои се преземаат во оваа димензија се: развивање на регионални активности за поддршка на развојот на МСП; развивање и зајакнување на регионалните синџири на вредности преку специфични секторски активности; активности и мерки за поддршка и пристап до финансии; оценување на развојот на МСП, како и нивна хармонизација; подобрување на бизнис интегритетот; зајакнување на политиката на конкурентност; координација на политиката во делот на даночната политика.

### 6.1.4. Инклузивен раст

**Столб Инклузивен раст: 2020- главни цели**

(во однос на 2010)

"Зголемување на целокупната стапка на вработеност, како процент од популацијата на возраст 15+ од 39.5% на 44.4%„[26]

Овој столб се фокусирал на две димензии, вработување и здравствена заштита, како едни од најсериозните прашања по кои веднаш требало да се дејствува. Земјите од регионот со Стратегијата 2020 се обврзале дека ќе ги координираат своите активности во рамките на стратегиските политики со кои ќе се обезбедел значаен напредок кон инклузивноста и социјалната кохезија.

*Димензии на инклузивниот раст се:*

**Димензија Ј**: *вработување*. Оваа димензија се однесува на мобилноста на работната сила, која се насочувала кон создавање на регионални консултативни процеси за мобилност и укинување на рестрикциите на пазарот на трудот, и управувањето со пазарот на трудот, кој пак давал приоритет на пристапот за зголемување на флексибилноста и безбедноста, како промовирањето на економските активности како главни приоритети. Управувањето на пазарот на трудот подразбира и проширување на способностите на институциите кои дејствуваат во доменот на пазарот на трудот со

[26] Југоисточна Европа 2020:Работни места и просперитет во европската перспектива, предлог, октомври 2013

намера да им овозможат на луѓето да стекнат нови вештини, како и полесно прилагодување кон новите услови. Активности кои се преземале во оваа димензија се: градење на концепт за хармонизаирано следење на миграцијата и мобилноста со мерки за отстранување на рестрикциите на пазарот на трудот; современа примена на пристапи во начинот на управување на пазарот на трудот со стимулирано вработување; практики за неформално вработување преку размена на информации и искуства, меѓуинституционална и внатреинституционална соработка; промовирање на иницијативи за социјална економија кое подразбирало воспоставување на регулаторна рамка, споделување на знаења и идентификување на практики кои се покажале како успешни.

**Димензија К**: *здравство.* Оваа димензија се однесува на подобрување на здравството и благосостојбата на жителите на овој регион, преку постигнување на хармонизирано здравствено законодавство, подобрување на стандардите и постапките кои овозможувале слободна трговска зона во однос на здравствените потреби. Активности кои се преземале во оваа димензија се: воведување на стратегиско-политички мерки со кои ќе се подобрело здравјето на популацијата, при што во центарот на ваквите мерки првенствено би биле ставени групите со ниски примања и обесправените групи, како и јакнењето и подобрување на услугите кои го управувале здравството; јакнење на институциите на сите нивоа и сектори кои го управуваат здравството и тоа преку размена на информации на регионална и прекугранична основа; прифаќање на спогодби со кои се хармонизирале законодавните стандарди за здравство; јакнење и следење на мобилноста на човечките ресурси во здравствениот сектор.

### 6.1.5. Со добро владеење до раст

**Столб „Со добро владеење до раст“: Главна цел 2020**

(во однос на 2010)

“Подобрување на ефективноста на владите според мерењата на Индексот на управување на Светска банка од 2,33 на 2,9 до 2020 година“[27]

Столбот “Со добро владеење до раст” е последниот столб од Стратегијата 2020 и истиот се смета за меѓусекторска компонента и предуслов за постигнување на целите од Стратегијата, како и преуслов за остварување и исполнување на мерките и

[27] Југоисточна Европа 2020:Работни места и просперитет во европската перспектива, предлог, октомври 2013

активностите од сите претходни столбови. Институциите кои се вклучени во владеењето имаат особен придонес за развојот и растот. Па затоа Стратегијата се однесува на оние институции кои имаат директен пристап и придонес во трошоците и инвестициите, а следствено на тоа и на растот. Фокусот во овој столб бил ставен на подобрување на координацијата меѓу институциите во администрирањето и носењето на административните одлуки, бидејќи соработката и координацијата меѓу различните административни нивоа би придонела за економски раст.

*Димензии на овој столб се:*

**Димензија Л:** *ефективни јавни услуги.* Оваа димензија подразбира постабилни институции и спороведување на агенда за спречување на корупција кои водат кон ефикасна јавна администрација. Реформата на јвната администрација е процес кој опфаќа аспекти и дисциплини кои биле поврзани со други сектори. Но, напредокот на овој план во регионот на ЈИЕ варирал.Она што е значајно е дека владините институции треба да добијат легимитет пред својот народ, кој воедно претставувал и политички критериум за пристапување кон ЕУ. Еден од клучните елементи за ефикасно управување со администрацијата е таа да биде одвоена од политиката колку што е тоа можно, но праксата не покажува така. Исто така реформата на јавната администрација подразбирала и трансформација од традиционална администрација во администрација која била ориентирана кон граѓаните, усогласена со нивните потреби. Во оваа димензија Стратегијата се залагала и за децентрализација, особено во примената на начелото на субсисдијарност со кое се распоредувале одговорностите на ниво на владата. Исто така Стратегијата барала и ефикасно и инклузивно давање на услуги, каде таквите услуги биле насочени кон соодветните и вистинските корисници. Активности кои се превземале во оваа димензија се: примена на е-управување на локално, регионално и национално ниво поради осовременување на истиот; мерки и инструменти за постојано подобрување на компетенциите на јавните службеници; подобрување на квалитетот на јавните услуги; наградување на политиките и регулаторните капацитети и проверка и преглед на односите меѓу различните нивоа на владата.

**Димензија Љ**: *спречување на корупција.* Оваа димензија има за цел поставување на мерки со кои ќе се намали корупцијата во јавната администрација, мерки за подобрување на ефикасноста на владите, создавање и зацврстување на поволна клима за отпочнување на бизнис. Спречувањето на корупцијата е од особено значење, бидејќи токму постоењето на корупција претставува една од препреките за

инвестиција. Оваа димензија ја сочинувале три цели: првата се однесува на намалување на митото во јавната администрација која таа го добивала од домаќинствата и претпријатијата; втората цел се однесувала на подобрување на просечниот резултат според индексот на контрола на корупцијата на Светската банка и третата цел претставува воведување на критериуми кои биле насочени кон зголемување на стручноста во постапките и спроведувањето на јавните набавки. Активности кои се преземале за остварување на овие цели се: воведување на едноставни, јасни и транспарентни правила за пристап до јавните услуги; зголемувањето на јавната свест преку редовни извештаи и тоа со поддршка од независни агенции; избегнување на зделки посебно во секторот на јавните набавки; мерки за редовни евалуации на владините програми и проекти и нивни постојани ревизии; мерки за подобрување на регионалната соработка и размена на информации во законодавството и судството, како и преземање на заеднички мерки во случај на корупција.

**Димензија М**: *правда*. Правдата како димензија, односно судтвото, ги фокусира своите активности кон подобрување на судскиот систем, како и создавање на ефикасно и независно судство, како предуслов за владеење на правото, развојот на демократијата и човековите права. Центрите за обука на судиите или академиите се основните институции од кои почнува оставрувањето на оваа цел. Праведното и квалитетно судство ја зголемува довербата кај инвеститорите, а со тоа и на инвестициите, при што има раст и развој на претпријатијата. Активности кои се преземале за остварување на ваквите цели биле: мерки за воведување на сеопфатен и траен систем за едукација и зголемување на компетенциите во судството; вовоедување на форми на соработка во судството со кои се овозможувало слободен пристап до информации, како и прекугранични спојувања и воведување на регулатива со која се подржувало алтернативното разрешување на спорови.

Ги изложивме петте столбови на Стратегијата 2020, целите кои ги имаат тие, димензиите кои ги содржат, како и активностите кои се превземаат заради остварување на поставените цели. Како што можеме да заклучиме Стратегијата има јасна поставеност за спроведување, како и кои чекори кои треба да бидат превземени заради остварување на истате. Остварувањето на Стратегијата, исто така, во голема мера зависи и од координацијата во работата на земјите од ЈИЕ, од нивната подготвеност за преземање на чекорите како и остварување на меѓусебна соработка.

Стратегијата има јасно поставени јасни чекори кои треба да ги преземат земјите од Југоисточна Европа, токму за остварување на нејзините цели. Спроведувањето на Стратегијата претставува реализација на активноситете од страна на секоја земја поединечно. Секоја од ваквите активности се однесувала на соодветните национални влади, министерства или други јавни органи. Развивањето на националниот план на активности на ЈИЕ 2020 бил наменет за идентификување на потребите на секоја земја поединечно, од аспет на постигнување на целите на Стратегијата. Ваквиот план ги содржел и експлицитните обврски на националните влади на секоја земја, како и временска рамка во која тие треба да се постигнат. Меѓутоа успешното спроведување на Стратегијата не значело дека таа може да се оствари само преку националните влади, односно тоа значело дека активностите треба да се прошират и надвор од нивната база. Големо значење имало активното вклучување на приватниот сектор, МСП, односно целата бизнис заедница, бидејќи голем дел од мерките, инструмените и активностите биле насочени токму кон приватниот сектор и кон МСП. ЈИЕ 2020 стратегија не претставувала индивидуален напор на секоја земја , туку таа се однесувала на надополнување на овие напори, и олеснување на процесот на интеграција во ЕУ, на земјите од овој регион.

Спроведувањето на Стратегијата би значело поврзување на земјите од Европа, олеснување на интегрирањето на регионалните пазари во европскиот пазар, поттикнување на трговијата, како и ширење на европските вредности во регионот од Југоисточна Европа.

# 7. РАЗВОЈ НА МСП ВО МАКЕДОНИЈА - ИСТОРИСКА ПЕРСПЕКТИВА

Од почетокот на 2003 година, секторот на мали и средни претпријатија во Македонија почнал поинтензивно да се развива. " Бројот на активни МСП (правни лица) се зголемил за 25% (од 37 000 во 2002 год. на 44 000 во 2005 год.), што претставува просечно зголемување од околу 2 300 МСП годишно. Вредноста на бруто производот го следи позитивниот тренд со учество на МСП од 70% во вкупната вредност за 2005 год., во споредба со 54 % во 2003 год. Во однос на бројот на МСП на 1 000 жители, тој се зголемил од 19 на 22. Како резултат на тоа, вработувањето се зголемило за 32 % од 110 000 во 2002 год. на 145 000 вработени во 2005 год. "[28]Преку градење нова и јакнење на постојната институционална инфраструктура, подобрување на правното опкружување, како и обезбедување на финансиски и нефинансиски услуги, Националната стратегија и Програмата имале за цел да го поддржат секторот на МСП. Основана е и Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ (АППРМ) која има за задача да ги реализира пректите и програмите на Владата, и други проекти подржани со средства од донаторите. Пошироко на АППРМ ќе биде објаснето во понатамошниот текст, а сега само накратко ќе споменеме дека Агенцијата проектите ги реализира преку регионални центри и тоа: Фондации за развој на МСП (во Велес, Скопје, Кумново, Битола и Струмица), Агенции за претпријатија (во Тетово, Гостивар и Охрид), Регионални агенции за развој на предпријатијата ПРЕДА (во Прилеп), Ромски деловен центар во Скопје, како и седум деловни инкубатори во Охрид, Делчево, Македонска Каменица, Штип, Прилеп, Струмица и Велес. Дел од проектите АППРМ ги реализира и во соработка со Земјоделскиот факултет во Скопје, Техничкиот факултет во Битола, со универзитетските центри за нови бизниси при Машинскиот факултет во Скопје и сл.

Основана е и Опсерваторија за МСП која служела како мониторинг механизам за собирање и анализирање на информациите и индикаторите на секторот на МСП, а исто така и во функција на креирање на идната политика на Владата во оваа област.

---

[28] Ревидирана Национална стратегија за мали и средни претпријатија(2002-2013), Скопје, април 2007

Основан бил и фонд за развој на човечки ресурси кој имал за цел да ги зајакне менаџерските способности и вештините на раководните тимови на претпријатијата. Во повеќе општини пак биле отворени канцеларии за локален економски развој, формирани биле механизми за јавен-приватен дијалог и сл. А што се однесува до приватниот сектор биле основани нови комори и секторски организации кои го прошириле портфолието за услуги кои им се нуделе на МСП.

Важно е да се каже дека и значително се подобрило правното опкружување за МСП, се подобрила и се создала поповолна деловна и бизнис клима, со тоа што биле усвоени и изменети голем број на закони во однос на директивите и упатставата кои доаѓале од ЕУ. Дел од тие закони биле: Законот за трговски друштва, Законот за едношалтерски систем, Законот за договорен залог, Законот за стечај, Законот за извршување, Законот за вршење занаетчиска дејност, Законот за Македонска банка за поддшка и развој и др.

Што се однесува до нефинансиската помош и поддршка таа била обезбедена од АППРМ, и тоа најчето во форма на обуки и семинари, а истите реализирани преку регионалните центри. Тука се покривале услуги од област на општист менаџмент, маркетингот и сметководството. Била воведена и Ваучер програма за консултантски услуги која имала за цел да им помогне на претприемачите и малосопствениците кои имале потреба од консултативна помош и поддршка при водењето на претпријатијата. Ваквите нефнансиски мерки имале пред се за цел да им помогнат на претприемачите да ги зајакнат нивните деловни вештини и знаења, и да ја зголемат нивната конкурентност.

Од страна на Владата биле обезбедени и повеќе видови на финансиски услуги, со што се зголемил и пристапот до таквите услуги за малите и средни претпријатија. Комерцијалните банки го зголемиле нивното кредитирање за МСП, понудиле поприфатливи услови за кредитирање, а хипотекарните барања биле намалени поради побарувањата на заложниот систем.

Покрај приватните, постои т.е основан е и државен гарантен фонд во рамките на Македонската банка за поддршка и развој. Основана била и прокредитбанка за финансирање на МСП, а постепено почнало да се развива и кредитирање по пат на лизинг.

## 7.1. Карактеристики на макроекономската политика и критериуми за поддршка на МСП

Со прогласувањето на Република Македонија за независна држава, на малото стопанство му е дадена позначајна улога во развојот и напредокот на нашата земја. Малото стопанство дури станува и приоритетна цел, приоритена задача. Како најзначајни аспекти за малото стопанство биле назначени следниве:

- создавање на услови за поефикасно стопанисување и побрз развој на малите и средни претпријатија;
- усогласување на одредени прописи со кои се регулираат условите за вршење на стопански активности на мали и средни претпријатија и поедноставување на постапката за нивно отварање;
- отварање на агенции и консултантски центри за мали и средни претпријатија;
- наламување на стапката на данок од добивка за МСП во индустрискиот и аграрниот сектор, како и во занаетчиството;
- намалување на основицата за пресметка на данокот на добивка за износот на забрзаната амортизација на опремата кај МСП во индустријата, занаетчиството и земјоделството;
- намалување на даночната основица за пресметка на данокот на добивка ако се реинвестира;
- регресирање на дел од каматата на кредитите во приватниот сектор во индустријата занаетчиството, аграрот, за реконструкција и модернизација и за инвестирање во нови објекти од средствата на Буџетот, од компензациониот фонд на ФАРЕ и
- користење на кредитни линии од странските финансиски институции. “[29]

Малото стопанство го користело странскиот финансиски капитал насочен кон негово преструктурирање и развој на малите и средни претпријатија во приватниот сектор. Исто така малото стопанство ги усогласувало и принципите, односно прописите кои ги регулирале условите за вршење на дејсност на МСП, како и потребната документација за истите. Во рамките на сметководството, односно во

---

[29] Ревидирана Национална стратегија за мали и средни претпријатија(2002-2013), Скопје, април 2007

Законот за смедководство се извршило усогласување на претпријатијата во согласност со класификацијата на Европската унија. Заначајно е да се спомне дека биле основани и бизнис инкубатори за претприемништво со понатамошно обезбедување на финансиска и друга помош за формирање на МСП, а истовремено се основале и консултантски центри, а со просторните и деталните урбанистички планови се определувале и индустриски зони. Владата на Р.Македнојa исто така давала и гаранции при користењето на странски кредити за развој на МСП. Но во остварувањето на ваквите цели постоеле и одредени ограничувања па затоа постоеле приоритетни задачи:

1. Одржување на воспоставениот процес на заживување на општествениот производ и производство преку создавање на услови за нивен траен растеж преку:

-ревитализација и модернизација на расположливите производствени капацитети и за забрзан развој на МСП;

-поефикасно стопанисување на стопанските субјекти преку создавање на општо поволни услови за тоа, како и зголемување на фискалната поддршка на проиводството и развојот преку институциите на монетарниот сектор.

2. Созадавање на услови за пораст на вработеноста и запирање на трендот на пораст на бројот на лица кои бараат работа, преку:

-создавање на општи услови за поттикнување на инвестиции во приватниот сектор;

-обезбедување на финансиска и друга поддрпка во формирањењто на МСП;

-обезбедување на поинтензивно влегување на капитал од странство на подолг рок низ заедничките вложувања, дирекни инвестиции во приватниот сектор, давање на концесии, а во рамките на платно-билансните можности и селективно кредитно задолжување.

3. Одржување на макроекономска рамнотежа и стабилност, како и контрола на инфлацијата на ниво од развиените земји.

4. Продолжување на процесот на спроведување на структурни реформи како предуслов за оддржување на постигнатата стабилизација на економските текови и пораст на производството на трајни основи."[30]

Во јули 2002 год била усвоена *Стратегија за развој на мали и средни претприајтија* од страна на Владата на РМ, а со цел да се реализира и

---

[30] Ревидирана Национална стратегија за мали и средни претпријатија(2002-2013), Скопје, април 2007

операционализира оваа стратегија на 6-ти јануари 2003 год се усвоила и Програма на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност на малите и средни бизниси, која требала да се оставрува во наредните 4 години. Основни цели на оваа програма биле:

- создавање на институционална инфраструктура за поддршка на претприемништвото и конкурентноста;
- созадавање на поволно деловно окружување-законска регулатива и услови за почнување на вршење економска дејност;
- промоција на претприемништвото и нефинанскиски форми за поттикнување на претприемниптвото;
- форми за поддршка на развојот на претприемништвото.

Ваквата програма, исто така, овозможила и реализирање и прифаќање на основните принципи на Европската повелба за мали и средни претпријатија, која како што кажавме била донесена на јуни 2000 год, а во Р.Македонија била прифатена и потпишана во јуни 2003 г. на Самитот во Солун.

Националниот извештај кој се изготвува, содржел информации за сите активности на полето на развој на малите и средни претпријатија во земјата. Ваквата обврска за изготвување на Национален извештај произлегла од Европската повелба за мали претпријатија а се доставувал до Брисел. Во Националниот извештај се наведува дека:

- основан е Национален совет за претприемништво и конкурентност, со советодавна улога и како фактор на поврзување на јавниот и приватниот сектор,
- донесен е Закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија,
- во тек се активности за избор на раководни лица, избран и назначен директор на Управен одбор. Агенцијата имла за задача да ја реализира програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност на малите и средни претпријатија во РМ.
- во тек е постапка за затварање на националната агенција за развој на МСП."[31]

Во 2003 год. била донесена и *Прогама за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност на малите и средни бизниси во Р. Македонија,* во која

[31] Ревидирана Национална стратегија за мали и средни претпријатија(2002-2013), Скопје, април 2007

биле посочени активностите, носителите и роковите за имплементација на проектите, а сето тоа со цел да се постигне поволна клима за развој на секторот на МСП. Активностите на оваа програма биле насочени ко 4 основни области:

1.создавање ефикасна институционална инфраструктура за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност;

2.изградба на поволно економско окружување и степен на економски слободи соодветен на развојната фаза на економијата;

3.поттикнување на претприемничкиот дух и нефинансиски форми за поддршка на претприемништвото;

4. создвање на поволен амбиент и механизми за поефикасно реализирање на финансиките форми на поддршка на развој на претприемништвото.[32]

Ваквите активности имале за цел да обезбедат форми и механизми за олеснување и интензивирање на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор, како и постигнување на соодветна координација на сите заинтересирани страни за поддршка на претприемништвото, малите и срени претпријатија. Македонската агенција за поддршка на претприемништвото пак била предвидена како централна, високо стручна и непрофитна организација, која требало да биде клучен имплементатор на стратегијата и политиката на Владата за поддршка на мали и средни претпријатија, а тоа со цел да се ослеси и забрза самиот процес на спроведување на проектите и програмите за МСП. Владата посебно внимание посветила на создавање на поволен амбиент за основање и работа на МСП и тоа преку политика за поедноставување на анминистративните формалности и нивно сведување на минимум, а исто така преку нефинансиски форми на поддршка, требало да се поттикне претприемничкиот дух и култура.

Приоритети на Националниот извештај кој бил поднесен до ЕУ, а кој се однесувал на реализација на Повелбата за 2004 год, биле: подобрување на практичните менаџерски способности со кои располагале МСП, а тоа се постигнувало преку програми за обука, тренинг програми, обуки на лице место кои пак биле кофинансирани од државата, зголемување на икористеноста на постоечките кредитни линии наменети за МСП, подобрување на расположливоста на информациите за пазарните можности, воведување на системи за управување со квалитетот и сл.

---

[32] Ревидирана Национална стратегија за мали и средни претпријатија(2002-2013), Скопје, април 2007

Политиката за вработување пак била насочена кон јакнење и развој на активни и превентивни мерки за невработените и неакативните, промоција на развојот на човечкиот капитал и доживотното учење, создавање на нови работни места и претприемништво како и нивна поддршка.

Исто така Владата се залагала за иницирање на дијалог со банките, односно барање на начини и можности за поедноставување на процедурите за добивање на финансики средства, зголемена заштита на доверителите, со цел да се зголеми степенот на искористеност на расположливи финасиски средства наменети за МСП.

Сето ова би довело до создавање на ефикасна институционална поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност, изградба на поволно економско окружување, поттикнување на нефинансиски форми на поддршка како и создавање на поволен амбиент за поефикасно реализирање на финансиски форми за поддршка.

Ваквата реализација, односно реализацијата на Програмата за поддршка на претприемништвото била во надлежност на Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Република Македонија, и претставувала нејзин клучен имплементатор.

Проекти кои во овој период биле финасирани од Европаката Унија се:

- поддршка на политиката на Министерството за економија, развој и јакнење на институциите (регионални фондации и агенции за претпријатија, Агенцијата и Секторот за претприемништво во Министерството за економија),
- воспоставување на Еуро-инфо кореспондентен центар во Скопје, кој требало да ги обезбеди сите потребни информации за малите и средни претпријатија,
- основање на фонд за развој на човечки ресурси кој имал за задача да обезбедува обуки за менаџерите на МСП.

## 7.2. Институционална инфраструктура и кадровска екипираност за поддршка на малите и средни претпријатија

И покрај потребата од непречен развој на приватниот сектор, малото стопанство сепак не ја добило потребната афирмација и финансиска поддршка која требало да ја има и која била карактеристична за развиените земји. Една од причините за таквата состојба било тоа што политиката за поддршка и развој на мали и средни претпријатија се третирала како дологорочна задача, во функција на одржлив развој и во интерес на

приближување на европските и светските интеграции. Исто така имплементацијата на политичките определби за обезбедување на брз и релативно лесен пристап до потребните дозволи, лиценци за работа, капитал, информации, до нови технологии, и сл. се сметале за долгорочни цели и задачи. Но проблемот тука се јавил бидејќи долгорочноста се сфатила како оправдување за несоодветното институционално престриктурирање. Токму структурирањето на државните органи за поддршка на секторот на МСП претставувале добар пример за логиката на институционализацијата. Во 1995 год. Министерството за економија изготвил Проект за поддршка на малото стопанство, кој бил оценет како појдовна основа за понатамошни нови проекти. Со ваквиот проект Владата го назначила Министерството за развој, надлежно за следење на состојбите и предлагање на мерки и активности за секторот на МСП. Тука се појавил и проблемот бидејќи на некој начин биле суспендирани законските одредби според кои Министерството за економија е одговорно за развој на МСП, односно се појавиле две институции кои имале исти надлежности. Подоцна при реконструкција на Владата дошло до укинување на Министерството за развој, каде што развојот и активностите на МСП сега останале по ингеренција на еден орган а тоа е Министерството за економија. Од тогаш па до денес , секторот за поддршка на развојот на МСП, со повремени промени во кадровските решенија на раководните структури, практично останал непроменет. Институционалната инфраструктура која била создадена да им помага на МСП, главно била изградена во рамки на разни странски проекти. Позначаен чекор на институционализацијата бил направен во периодот од 1996-1998 год.. Во овој преиод била формирана мрежа на институции за развој на МСП. Како најзначајни ќе ги споменеме:

Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија (НЕПА) која имала свои регионални центри-фондации во Скопје, Велес, Битола, Струмица и Куманово. Основна цел на НЕПА и нејзините регионални центри било да се обезбеди регионална и консултантска помош на МСП која се однесувала како на тековните проблеми во работењето така и за аплицирање за добивање на кредитна поддршка од кредитни линии во рамки на оваа програма и со подсредство на домашните банки. Но организациската поставеност која ја имала НЕПА и неповрзаноста со регионалните центри, како и некои недоследности кои се јавиле при нејзиното функционирање (особено изразени во политичкиот волунтаризам), придонеле оваа агенција да биде укината со одлука на Министерството за економија. На нејзино место се основала Агенцијата за претприемништво, но регионалните центри продолжувале да

дејствуваат неповрзано и токму поради тоа отсуствувала синхрониозација на активностите.

Други институции кои биле основани во овој преидо биле: Агенција за помош на претпријатијата во Охрид, Тетово и Гостивар со средства кои се добиле од фондот на Владата на Велика Британија и Асоцијација на мали бизниси Преда во Прилеп која пак добивала средства од Владата на Швајцарија. Ваквите организации не обезбедувале материјална поддршка за претпријатијата, туку тие им помагале во областа на успешно водење на претпријатијата, им обезбедувале дополнителни обуки, консултации, информации, помош во областа на менаџирањето, маркетингот и активностите за подготовка на деловни планови, помош во електронското тргување и сл.

Исто така, треба да ги споменеме и деловните инкубатори кои биле формирани со финансии, односно програми за финансирање од Светската банка. Вакви инкубатори биле формирани во Штип, Македонска Каменица, Делчево, Прилеп, Куманово, Струмица и Охрид. Овие инкубатори освен тоа што им овозможувале деловен простор под поволни услови, тие на претпријатијата им овозможувале и финансиски позајмувања од сопствен фонд, кој биле од големо значење и поволен инструмент за развој на претприемништвото.

-УСАИД го отворил Македонскиот деловен центар во 1996 год. кој се приватизирал во 2002/2003 год. и од него произлегле повеќе приватни консултантски фирми.

-"Можности" бил проект за микрофинансирање преку програмата на УСАИД, кој започнал со реализација во 1996 год, а имал свои представништва во Кочани, Кичево, Куманово и Струмица.

-Фондот за МСП е Проект на УСАИД кој работел од 2003 год. и кој овозможувал краткорочно финансирање на деловни активоности, особено на извозно ориентираните претпријатија.

-БАС порект на ЕБРД(Европска банка за обнова и развој) им помагал на МСП во изготвување на програми и обезбедување на квалитет на производите.

-СЕЕД бил проект на Светската банка за финансирање

-СЕАФ Македонија е инвестиционен фонд кој бил основан со странски капитал

-Програмата *Хоризонти* на Католичката црква обезбедувала мали заеми за жени.

Впечатокот кој се добивал бил дека ваквите институции, освен во периодот на основање кога прибирале информации, подоцна се помалку соработувале во смисла на меѓусебно поврзување, синхронизирање и комплементарност. Во некои случаи ваквата

состојба се должела на концептите за нивно функционирање кои биле импелементирани од страна на нивните донатори, односно донаторски организации.

Интензитетот и квалитетот на развојот на институционалната поддршка на секторот на МСП во голема мера зависел од ставовите и убедувањата на меѓународните финансиски институции како Светската Банка и Меѓународниот монетарен фонд. Тие кредитирањето на земјата го условувале со обезбедување на дејствување на целосно отворена пазарна економија со што помалку државни интервенции. Токму поради тоа многу идеи за формирање на небанкарски и други институции за помош и поддршка на приватниот сектор во Р. Македонија останувале неостварени, нереализирани поради инсистирањето на ваквите институции да не се врзуваат буџетски средства за финансирање на развојот на МСП.

Поконзистентна политика за поддршка на секторот на МСП во Р.Македонија започнал со донесувањето на Нациналната стратегија за развој на МСП во 2002 год. и подоцна со Програмата за поддршка и развој на МСП. Но кадровската екипраност на секторот на МСП во рамките на Министерството за економија била далеку од доволна. Се добивало впечаток дека треба осовременување на постојаната систематизација на вработените. Систематизација во смисла на подобрување на квалификациите и способностите на вработените, како на пример познавање на странски јазици, користење на соодветни софтвери, повисоки степени на образовани и сл. Значајно е да напоменеме дека кадрите се соочувале и со недостиг на програми за обука и нивен развој. Во оваа смисла важно е да се напомене дека има недостиг од програми за обука и развој на кадрите, бидејќи се добивало впечаток дека обуката за вработените била препуштена на индивидуалната иницијатива. Потребно е осовременување на систематизацијата од аспект на бараните квалификации и способности на кадрите.

# 8.СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА МСП ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Споредбено со просекот на ЕУ, сегашниот број на претпријатија на 1 000 жители, кој изнесува 22 претпријатија, како и учеството на МСП во вработувањето и во БДП, покажува дека развојот на претприемништвото, малите и средни претпријатија и нивото на нивната конкурентност, треба поинтензивно и позабрзано да се одвиваат во иднина. Како што рековме цел на Националната стратегија е зголемување на вработувањето во малите и средни претпријатија, соодветствено на тоа и нивна бројна зголеменост, како и поголемо учество на МСП во создавањето на БДП.

Општи цели:

- зголемен број на МСП
- зголемено вработување кај МСП
- зголемен придонес на МСП во создавањето на БДП.

Водејќи се од Лисабонската агенда, Европската повелба за мали претпријатија, како и од Програмата на Владата на Р. Македонија, Стратегијата била насочена и во својот фокус ги имала следниве посебни цели:

- подобрување во креирањето на политиката за развој на МСП;
- поедноставување на правното и регулаторното опкружување;
- подобрување на пристапот до финансии;
- поедноставување на оданочувањето;
- промовирање на информатичка и комуникациска технологија;
- наука, технологија и иноваторство во функција на развојот на МСП;
- промовирање на претприемништвото во образованието и обуката;
- охрабрување на интернационализацијата на МСП;
- подобрување на услугите за деловен развој;
- јакнење на дијалогот меѓу приватниот и јавниот сектор. [33]

[33]Национална стратегија за мали и средни претпријатија,Скопје, април 2007

## 8.1. Анализа на проблемите и мерките за остварување на целите

### 8.1.1. Подобрување на процесот на креирање на политика

Во областа на МСП, во самиот систем на планирање, се јавуваат одредени ограничувања. При самиот процес на креирањето на политиката за развој на претприемништвото и малите и средни претпријатија, недостасувала соодветна координација меѓу министерствата, како и кооординативно работно тело кое ќе обезбеди конзистентност и континуитет. Како друг проблем при креирањето на политиката се јавува и недоволната координираност меѓу самите донатори, како и меѓу донаторите и Владата, во насока на остварување на заедничката цел, а тоа е развојот на МСП. Недостасуваат и развиени механизми за консултација со приватниот сектор. Токму поради ова потребно е политиката на МСП да биде интегрирана во целокупниот економски процес на планирање, и да се создадат механизми за поефикасна координација на сите релевантни институции кои се вклучени во тој процес, а се мисли на министерствата, агенциите, владините тела, донаторите и слично, и сето тоа да придонесе за реализација на целите кои се поставени во стратегијата. Исто така за постигнување и оставрување на насоките на стратегијата треба да се утврди точна, унифицирана и хармонизирана дефиниција за МСП, како и јасна формулација на критериуми за поддршка на МСП. Реализацијата на процесот треба да биде спроведена преку среднорочните и годишните програми за развој на малите и средни претпријатија.

*Мерки и активности:*усвојување на поефикасни механизми за координација помеѓу сите вклучени страни во процесот на креирање и донесување на политиката за МСП користење на европските практики при процесот на донесување на политики за МСП усвојување на дефиниција согласно со дефиницијата на ЕУ.” [34]

---

[34]Национална стратегија за мали и средни претпријатија,Скопје, април 2007

### 8.1.2. Поедноставување на правното и регулаторното опкружување

Сѐ уште, правното опкружување и деловната клима во доволна мера не го поддржувале развојот на претприемништвото и малите и средни претпријатија. Со воведувањето на едношалтерскиот систем, самиот процес на деловно регистрирање уште бил комплексен. Поради потешкотиите и скапите процедури за добивање на лиценци, некои МСП се ограничувале при влезот на пазарот. Недостатокот од формално и систематско оценување на влијанието на законската регулатива го ограничувала разбирањето на позитивните и негативните влијанија врз МСП, а директивите на ЕУ сѐ уште не биле целосно пренесени во националното законодавство. Токму поради тоа нашето правно опкружување, односно правното опкружување за МСП, треба да биде реформирано и да се намалат тешкотиите за регулација на МСП, а тие истовремено да бидат во насока на поддршка на претприемништвото, иноваторството и развојот.

Како напредок може да се спомене дека регистрацијата на стопанските субјекти била поедноставна во однос на потребните документи, и самата постапка била забрзана, и на тој начин една пречка била отстранета во развојот на претприемниптвото. Едношалтердкиот систем станал функционален во 2006 година, со кој биле опфатени и занаетчиите, но она што останало надвор од овој систе биле издавањето на лиценците и дозволите. Најчесто проблеми се јавувале во добивањето на дозволите за градба. Напредок е тоа што со воведувањето на информатичко-комуникациската технологија се овозможила полесна комуникација на претприемачите со Владата и со јавната администрација. Полесно и побрзо може да се дојде до бараните информации. Инспекциските органи во рамките на оваа област треба да бидат насочени кон објективност и организираност и да се водат од законите кои важат подеднакво за сите претпријатија. Исто така се креирал и механизам кој имал за задача да го оценува регулаторното влијание, при подоготовка на законите и процесот на хармонизација со легислативата на ЕУ.

*Мерки и активности*:

- преглед и оценка на постоечките регулативи за МСП;
- фокусирање на регулативите и отстранување на оние, кои не се од јавен интерес;

- воведување на критериум за подготвување на нови закони/регулативи со цел намалување на административните трошоци;
- зголемување на употребата на оценката за регулаторно влијание, при подготвување на нови закони и регулативи;
- зголемување на транспарентноста на работата на државната и општинаската администрација;
- намалување/укинување на основачкиот капитал,
- воведување на единствена регистрациона форма како и можност за on-line регистрација;
- намалување на времетраењето за регистрација на претпријатие;
- воведување на механизми за побрзо и поефикасно завршување на стечајните процеси;
- намалување на постапките за издавање на лиценци и отварање на едношалтерски систем за лиценци и
- поедноставување на процедурите за добивање на градежни дозволи." [35]

### 8.1.3. Подобрување на пристапот до финансии

Поради сложеноста на банкарскиот систем и финансикото посредување, пристапот до финансии за МСП се уште е ограничен. Поради незаинтересираноста и стравот од ризик, комерцијалните банки се двоумат при одлучувањето за кредитирање на претпријатијата, а тоа е особено изразено за новите претпријатија. Затоа е потребно поголемо учество на институциите кои обезбедувале микро финансирање, пред се за почентиците во стопанисувањето. Исто така поради одсуство на приватно кредитно биро, како и нерелно прикажување на паричните текови на МСП, процесот на кредитирање е отежнато и ограничено, а во некои случаи и целосно одбивано. Како сериозен проблем при кредитирањето на МСП се јавувало појавата на високите хипотекарски барања, како и недостатокот кои се појавувале при трансакциите. За жал кај нас се уште добро не се развиени алтернативните финансиски инструменти како што се: лизинг, факторинг, ризичен капитал. Тука може да се додаде и недоволната

[35]Национална стратегија за мали и средни претпријатија,Скопје, април 2007

запознаеност на претприемачите токму со ваквиот вид на финансиски инструменти, како и нивната незаинтересираност да ги искористат истите.

Поради ваквата ситуација се преземале мерки за реформирање и либерализаирање на банкарскиот систем, односно сектор, како и на финансиското посредување. Требало да се зголеми либерализацијата за влез на пазарот и следењето на директивите на ЕУ за подобрување на пристапот до финансии. Треба тоа што се покажало како добра пракса при финансирање во земјите членки на ЕУ, да биде искористено кај нас. Исто така треба да се оствари поголема координација и комуникација меѓу Владата и банкарскиот сектор кој го кредитира МСП секторот, а и да се зголеми дијалогот меѓу овие две страни. Отворањето на приватно кредитно биро ќе им овозможи на банките полесно и побрзо да добијат информации за кредибилитетот на МСП кои имаат намера да го финансираат. Требало да се подобри и режимот на сигурни трансакции во однос на хипотеката, а со тоа ќе се поддржело и кредитирањето базирано не само на недвижности, туку и на целокупната опрема. Исто така било планирано и промовирање на алтернативни финансиски инструменти и обезбедување на нивна правна рамка за функционирање. Формирањето пак на фондови, во кои ќе учествуваат реномирани меѓународни финансиски организации и институции и комерцијални домашни и странски банки, како и кредитни фондови, фондови за заеднички вложувања и ризичен капитал, исто така ќе преддставува дополнителна олеснителна околност за добивање на финансии за МСП.

*Мерки и активности*:

- полесен пристап на почетниците до мали заеми;
- отварање на инвестициски фондови, кредитни фондови, фондови за заеднички вложувања и ризичен капитал;
- поддршка за отварање на приватни кредитни бироа за соодветно оценување на кредибилитетот на претпријатијата;
- поддршка за финансирање на мали извозни претпријатија преку обезбедување на заеми со поволни услови за покривање на трошоците поврзани со извозот;
- намалување на каматните стапки за кредитирање на МСП и намалување на хипотекарните барања;
- промовирање на алтернативни начини на финансирање;
- создавање на кредитни гарантни фондови и програми и

- поедноставување и воведување на потранспарентни финансиски трансакции."[36]

### 8.1.4. Поедноставување на однаочувањето

И покрај воспоставувањето на модерн даночен систем, тој сепак не бил доволно стимулативен за малите и средни претпријатија, а пред сè за новите МСП. Доплнително потешкотиите и користењето на ваквиот даночен систем биле дополнети и со неговата сложеност за користење, а од друга страна пак даночната администрација не била доволно ефикасна. Она што отсуствувала од даночниот систем било и електронското плаќање на даноците, полесното следење на даночните обврски од страна на малосопствениците и сл. Бил усвоен нов рамен данок на добивка и на персонален данок, со поволни стапки за МСП, со цел да се олесни работата на малите и средни претпријатија, а истовремено биле направени и даночни олеснувања за микро претпријатијата, како и можност за паушално оданочување.

Главна цел во оваа насока било создавање на даночен систем кој ќе биде лесен за следење од даночната администрација и обврзниците, систем кој ќе можел да одговори на барањата на растечката пазарна економија и како резултат на сето тоа да се постигне зголемување на даночните обврзници.

*Мерки и активности*:

- даночно ослободување и олеснување за нови претпријатија;
- зголемена употреба на електронско однаочување;
- воведување на даночни ослободувања за реинвестирана добивка и
- целосно спроведување процедури за повраток на ДДВ. "[37]

### 8.1.5. Промовирање на информатичка и комуникациска технологија

Како фактор за раст на продуктивноста и конкурентноста на МСП, информатичкаsa и комуникациската технологија сè уште е во почетна фаза на развивање, пред сè во однос на електронскиот бизнис или електронското работење, како и електронска Влада. Ваквата постапка за промовирање на ИКТ, во однос на

[36]Национална стратегија за мали и средни претпријатија,Скопје, април 2007

[37]Национална стратегија за мали и средни претпријатија,Скопје, април 2007

својот развој заостанува од ЕУ, за повеќе години. Има доста ниско ниво на инфраструктура на ИКТ за МСП, како и не е воспоставена соодветна правна рамка. Друг недостаток е тоа што фали и соодветно образование за ИКТ, а следствено на тоа и соодветен стручен кадар. И недоволната заинтересираност на МСП за користење на ИКТ дополнително го отежнува нивниот развој, па поради тоа мора да се охрабрат МСП да користат интернет како посебен инструмент во нивното деловно работење, електронските јавни услуги треба да бидат зголемени, а тие пак да ги покријат услугите на МСП.

*Мерки и активности кои Владата ги презема во оваа област се:*

- „поголемо искористување на ИКТ;
- намалување на трошоците за користење на ИКТ;
- усвојување на соодветна легислатива за е-комерц и е-бизнис, врз основа на искуство од земјите во ЕУ и
- промовирање на концептот е-влада и услуги кои се достапни за МСП." [38]

### 3.1.6. Наука, технологија и иноваторство во функција на јакнење на конкурентноста на МСП

Мала е вредноста која се одвојувала од БДП, во областа на науката, технологијата и иноваторството, како клучни еконмски фактори, базирани пред сè на знаење. Токму тоа придонесува иноваторскиот капацитет на малите и средни претпријатија да биде сведен на минимум и да биде доста ограничен. Исто така мала била и висината на средствата кои се издвојувале за развој на нови технологии. Недостатокот на координација меѓу универзитетите и стопанството, нивната недоволна комуникација, како и недостаток од свеста за корист која ја носта НТИ, придонесува за нивната мала развиеност, а со тоа се намалува конкурентноста како на малите и средни претпријатија така и на самата технологија. Капиталот што би се вложува во технологии и иновации не носи голем ризик, напротив секоја нова технологија донесува било каков успех. Но, за жал кај нас не постоеле финансиски стимулации или олеснувања за инвестирање во нова технологија и иновации, а не постоеле и соодветни институции, како на пример иновативни центри, агенции за трансфер на технологии,

[38]Национална стратегија за мали и средни претпријатија,Скопје, април 2007

истражувачки центри и слично, кои би имале за цел да им помогнат на МСП во областа на новите технологии и иновации. Треба да се преземат промотивни активности кои би ја зголемиле свеста кај МСП за корисноста од НТИ, а исто така и зголемувањето на средствата кои би се издвојувале за оваа намена би се постигнало преку иновативно ориентирани програми и проекти. Што се однесува пак и до правниот аспект треба да поработи на олеснувања за НТИ.

*Мерки и инструменти кои Владата ќе ги преземе во оваа област:*

- „ поттикнување на приватниот сектор да ја зголеми вредноста на инвестициите во истражување и развој,
- основање на институции за истражување и развој за трансфер на технологии, за нови технологии и иновации,
- поддршка на технолошкиот развој на МСП,
- воведување на даночни олеснувања за МСП секторот за инвестирање во истражување и развој, односно финансиски стимулации,
- подигање на свеста за важноста на НТИ на редовните состаноци, конференции, во мрежата на деловните асоцијации,
- одредување на релевантни индикатори за следење на развојот на науката, технологијата и иновациите согласно со најдобрите пракси на ЕУ,
- зголемување на бројот на фирмите корисници на средства за развој, и висина на средствата кои државата ги определува за таа намена, и
- јакнење на постојаните и создавање на интерес за создавање нови кластери.” [39]

### 8.1.7. Промовирање на претприемништвото во образованието

Образовниот систем кој постои кај нас, односно ситемот во основно, средно и високо образование сè уште не е доволно развиено кон учење за претприемништвото, а со тоа и подготвување на ученици со претприемачки дух и претприемачка култура. За сметка на тоа што постои скептицизам во однос на претприемништвото, тоа не е доволно афирмирано, а понекогаш и се јавувало како негативна конотација. Ваквите ставови доведуваат до тоа луѓето да не се одлучат на самовработување односно да

---

[39]Национална стратегија за мали и средни претпријатија,Скопје, април 2007

станат претприемачи. Институциите задолжени како за образование, така и ред други релевантни институции треба посилно да делуваат во поттикнувањето на претприемачкиот дух, претприемачките идеи кај поединците во областа на стопанисувањето. Претприемачката култура и дух, на пример можат да бидат подигнати преку разни програми и проекти за поддигање на свеста, каде може да се вклучи и системот на наградување за успешните претприемачи, кој се разбира постигнува најдобри резултати. Претприемништво како доплонителен предмет или како активност може да биде вклучен во училиштата. Може да се развијат и разни курсеви, обуки во оваа насока, без разлика дали станува збор за средно или високо образование.

*Мерки и инструменти кои Владата планира да ги превземе во оваа област:*

- „воведување на претприемништвото во образовниот систем,
- промовирање на претприемништвото во неформалното образование, односно во доживотното или перманентното образование,
- отварање на центри за обука на МСП,
- подигање на свеста на учениците за претприемништво,
- воведување на додипломски студии за претприемништво и
- поддршка за партнерство за перманентно учење (министерства и други релевантни институции).“[40]

### 8.1.8. Охрабрување за интернационализација на МСП

Процесот на интернационализација на МСП се одвива бавно проади низа на бариери кои се јавуваат, а пред сè се мисли на големите трошоци за процесот на интернационализација (внатрешна бариера), недостаток од капитал или финансии (надворешна бариера), како и високиот деловен и финансиски ризик. Исто така сопствениците се соочувале со немањето јасна идеа или стратегија при самиот почеток на овој процес, односно во почетната фаза. Постоела и неспособност кај сопственицте за спроведување на стратегијата поради несоодветното планирање и малиот фонд на заења и вештини. Затоа било потребно сопствениците добро да се поткрепат, односно

---

[40]Национална стратегија за мали и средни претпријатија,Скопје, април 2007

да ги обезбедат потребните информации и да стекнат доволно знаење, да развијат висок степен на подготвеност за вклучување во меѓународните пазари, да стекнат знаење за условите на странските пазари, знаење за законите, регулативите, културните разлики и сл. Преземањето на низа мерки и активности за процесот на интернационализација на МСП ќе придонесе за зголемување на нивната конкурентност и способност за извоз на странски пазари. Тоа може да се постигне и преку промоција на производите, давање на деловни информации за странските пазари, информации за дистрибутивните канали итн. Овој процес доплнително го олеснува и поддршката во вид на извозни кредити, извозно осигурување, извозни гаранции.

*Мерки и инструменти кои Владата планира да ги преземе во оваа област*:

- „ намалување на бариерите за извор,
- унапредување на процесот на стандардизација и усогласување со стандардите на СТО, ЕУ и други меѓународни организации,
- намалување на давачките за увоз на производи и услуги ( репроматеријали) наменети за извоз,
- поддршка при организирање и учество на МСП на трговски саеми,
- поголема информираност за странските пазари и
- поддршка на партнерски мрежи и програми." [41]

### 8.1.9. Подобрување на услугите за деловен развој

Малите и средни претпријатија не биле доволно и соодветно поддржани од страна на институциите за поддршка и помош, преку добивање на соодветни услуги за деловно работење. Тие имале отежнат пристап до деловните услуги, а исто така се соочувале и со недоволна информираност за потенцијалната корист од надворешната советодавна помош. Токму поради тоа треба реорганизирање и подобрување на капацитетот на ваквите институции за деловни услуги и отварање на истите на места кај што и не постоеле. Воведувањето на ваучерскиот систем за консултантски услуги ќе го подобри квалитетот на консултантските услуги, а исто така треба да се влијае и на совеста кај МСП за потребата од користење на услугите за деловен развој. Услугите

---

[41]Национална стратегија за мали и средни претпријатија,Скопје, април 2007

за деловен развој треба да ги обезбедат: регионалните центри и агенции, Фондот за развој на човечки капитал, центрите за обука и деловен развој, универзитети, консултантски фирми, големите претпријатија и други релевантни институции.

*Мерки и инструменти кои Владата планира да ги превземе во оваа област*:

- „ јакнење на капацитетот на постојаните и отварање на нови деловни центри,
- развивање на ефективен пазар за деловни услуги,
- олеснување на пристапот до информации за консултатнтски услуги и соодветна поддршка за МСП,
- постојано едуцирање за претприемништвото и деловната економија,
- промовирање на технолошки паркови, претприемачки зони, инкубатори и други организации за деловна поддршка,
- воведување на стандарди за квалитетот на деловните услуги,
- продолжување со активностите поврзани со ваучер системот за консултантски услуги,
- промовирање на иноваторството и информатичката технологија,
- организарање на кампањи за подигање на свеста на претприемачите и
- отварање на национално сертифицирано тело за консултации. “ [42]

### 8.1.10. Јакнење на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор

Заради поефикасен економски развој и создавање на поволна клима за деловно работење, потребно е покрај воспоставување, и подобрување на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор, а сето тоа во интерес и развој на МСП. За таа цел биле основани Национален совет за претприемништво и конкурентност, и Форум за МСП како инструмент за дијалог и утврдување на проблемите, и изнаоѓање на решенија за надминување. Форумот бил воспоставен за да обезбеди дијалог помеѓу Министерството за економија и асоцијациите за МСП. Токму форумот се покажал како успешен инструмент во креирањето на политиката за поддршка на претприемништвото и МСП.

*Мерки и инструменти кои Владата планира да ги превземе во оваа област*:

---

[42] Национална стратегија за мали и средни претпријатија,Скопје, април 2007

- „перманентни состаноци на партнерите во дијалог,
- јакнење на работните групи на Форумот,
- електронско поврзување на партнерите,
- активно учество во креирањето на развојните документи за МСП и
- редовни извештаи на Национален совет за претприемништво и конкурентност, за конкурентската способност на претпријатијата." [43]

## 8.2. Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија за 2012 год.

На седница на Владата на Р.Македонија која се одржала во јануари 2012 година, била донесена програма за развој на претприемништвото, иновативонста и конкурентноста на малите и средни претпријатија. На оваа седница бил донесен буџетот кој бил предвиден за оваа намена, односно висината на средствата кои ќе биле одвоени и искористени за развој на МСП. За оваа цел биле издвоени 9, 890, 000 денари."[44]

Овие средства требало да се користат за следниве намени:

-кофинансирање на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија-овој проект бил усогласен со редовните активности на центарот, односно во согласност со неговата програма и активности за развој, напредок и проширување. Истиот овој проект бил кофинансиран од Европската Унија, односно преку ЦИП програмата за периодот од 2007 до 2013 година.

-проект македонска автентична ракотворба - со овој преокт се предвидувало субвенционирање на занаетчии државјани на Република Македонија, со одвојување на средства за следните намени: за набавка на опрема и алати и за стручно приспособување на занаетчии. Доделувањето на средствата требало да се изврши преку објавување на јавен повик во печатените медиуми.

-субвенции за приватни претпрјатија, каде ќе се вршело надоместок на: дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системите за квалитет според ISO стандардите; потоа ќе се обезбедело поддршка за тренинг на HACCP тим за

---

[43]Национална стратегија за мали и средни претпријатија,Скопје, април 2007

[44]Програм за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија за 2012 год. Службен весник на РМ бр,12 26.01.2012

воведување, одржување и модификација на HACCP систем и надомествање на дел од трошоците на деловните субјекти за поднесување на меѓународна пријава на патент.

-финансика поддршка на бизнис центрите, каде се планирало да се одвојат средства за промоција и развој на претприемништвото, огранизирање на обуки, консултантски услуги и организирање на разни манифестации.

-финансиска поддршка на женско претприемништво, се планирале средства за субвенционирање на претпријатија во сопственост и управувани од жени кои биле државјанки на Р.Македонија, преку кофинансирање и тоа на: набавка на опрема, алати, инвентар и заштитни средства, уредување подобрување на деловниот просотр, грижа, односно чување на деца од предшколска возраст за жени кои отпочнувале сопствен бизнис.

-финансиска поддршка за бизнис инкубатори, каде се планирале финансиски средства за реализација на проекти за организирање на обуки, консултантки услуги и вмрежување.

-финансиска поддршка на проекти за промоција на занаетчиството, и тоа средства за организирање на форуми, обуки, консултантски услуги и промотивни активности како саеми, семинари и сл.

-промотивни активности, тука пред сѐ се мислело на огранизирање на настани како, Европска недела на претприемништвото, претприемнички награди и глобална недела на претприемништвото.

## 8.3. Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2014 година

На седница на Владата на Република Македонија која била одржана на 08.01.2014 година била донесена Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2014 година. „Со оваа програма се утврдиле средствата кои ќе бидат наменети за конкурентност, иновации и претприемништво за 2014 година. Износот на овие средства бил 15 милиони и 690 илјади денари.“[45] Средствата биле распоредени за следниве програми:

[45]Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2014 година Службен весник бр 7 стр.32

**Подпрограма 1** - *поддршка за развој на мали и средни претпријатија*. Оваа поддршка, односно финасирање ги опфаќала:

-**Мерка 1**-*финансирање на занаетчиството во Р.Македонија, односно поддршка на автентични занаетчии, потоа поддршка на занаетчиското производство и занаетчиските услуги*. Субвенционирањето на занаетчиите се вршело преку кофинансирање, средства наменети за: набавка на опрема и алати, уредување и подобрување на деловниот простор, изработка на визуелен идентитет на производот, дизајн на производ и надоместување на трошоци за здобивање на Мајсторска титула;

- **Мерка 2**-*надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандардите*;

- **Мерка 3**- *финансиска поддршка за тренинг на HACCP тим за воведување, одржување и модифицирање на истиот*;

- **Мерка 4**- *финансиска поддршка за воведување на ХАЛАЛ систем*;

- **Мерка 5**-*финасиска поддршка за женско претприемништво*;

- **Мерка 6**-*финасиска поддршка за новоосновани претпријатија од страна на млади претприемачи*;

- **Мерка 7**- *кофинансирање на проекти за нефинансиска поддршка на МСП и промоција на претприемништвото и занаетчиството во Р.М.*;

- **Мерка 8**-*организирање на бизнис натпревар*;

- **Мерка 9**- *организирање на промотивни настани* ( најиновативна компанија, настан претприемач на годината, доделување на награди);

-**Мерка 10**- *кофинансирање за организирање на специјализирани обуки.*

**Подпрограма 2**- *средства намениети за инадустриски политики* и тоа за: поддршка за зголемување на конкурентноста на македонската индустрија; надомест на дел од трошоците за развој на деловни субјекти, развој на пазар и развој на производ; договорни услуги за изработка на нови организациони модели, за нов производ, за изработка на идејно решение или изработка на нова амбалажа, етикета, лого; договорни услуги за воведување на СЕ ознаката; договорни услуги за изработка на веб страна; трошоци за истражување на пазарот; трошоци за учество на домашни и меѓународни настани за иновации.

**Подпрограма 3**- *средства наменети за поддршка и развој на кластерско здружување* и тоа за: поддршка на заеднички проекти за поврзување на кластерите со универзитетите; поддршка за развој на иновативноста и развој на брендирани производи на кластерите; поддршка на кластерите за секторска извозна програма;

поддршка за огранизиарање на тематски саеми и поддршка за развивање на стандарите за квалитет и прилагодување на барањата на ЕУ пазарите.

# 9. ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО Р.МАКЕДОНИЈА

Во 1998 год. била основана Македонска банка за поддршка на развојот, која делумно била основана со буџетски средства и капитал на Народната банка на Германија. Во тек биле и програми за тренсфер на технологија, програми за промоција и реализација на приватниот сектор, програми за развој на занаетчиството, програми за размена на менаџери и обуки за македонските менаџери, програми за соработка со менаџерите во Германија, билатерална соработка и сл. Сето ова претставувало помош за малите и средни претпријатија во македонското стопанство, бидејќи се користело германското искуство и знаење, а се обезбедувало и трансфер на знаење. Министерството за економија обезбедувало средства преку програмата за користење на средства од надоместокот што го плаќале деловните субјекти при увоз и извоз на производи, стоки и услуги. Се обезбедувале финансиски средства за претпријатијата кои сакале да го применуваат ИСО 9000 стандардите за квалитет. Исто така се обезбедувале и промотивни материјали за учество на саемски и други манифестации, вклучувајќи ги тука и основањето на технолошките и иновативните центри.

Преку мерките кои биле применети за да се подобри деловното окружување и развојот на секторот на МСП, требало да се создаде амбиент за поинтензивно користење на постојаните финансиски извори. Ова требало да резултира и со повлекување на средства по основ на кредити склучени со мултилатерални и билатерални договори со меѓународни финансиски ограницации и влади на други држави. Тогашната структура на расположливите кредитни линии во нашата земја биле:

„–стоковна кредитна линија од Република Италија за набавка на машини, опрема и технологија од италијаноско производство, кои биле наменети за проекти со кои се обезбедувало ново производстао, модернизација, заокружување на технолошкиот процес и отстранување на тесните грла во преработувачката индустрија, градежништвото, хотелите и рестораните и превозот на стоки и услуги во сообраќајот;

-програма за кредитирање на мали и средни претпријатија од страна на Кредитна банка за обнова на Германија, која била наменета за модернизација и проширување на постоечките приватни мали и средни претпријатија, како и основање на нови;

-Германско-македонски фонд за кредитирање на повратници од Германија, средства наменети за МСП од производен, услужен, градежен или аграрен сектор;
-програма за кредитирање на мали бизниси(микро и мали кредити);
-револвинг фонд од банката за развој при Советот на Европа, наменети за креирање на нови работни места во мали и средни претпријатија од областа на текстилната, кожната и прехрамбената индустрија;
-АПЕКС глобален заем од Европската инвестициона банка за мали и средни претпријатија од сите области;
-кредит за поддршка и развој на мали и средни претпријатија од Владата на Холандија, наменети за поддршка на МСП и индивидуални земјоделци;
-кредитни програми за малите претпријатија од ФАРЕ, наменети за купување на машини и опрема и долгорочно финансирање на нови проекти."[46]

Покрај средствата кои се обезбедувале од меѓународни финансиски институции, поддршката за развој на мали и средни претпријатија, била поддржана и од страна на кредитни линии од домашни извори кои се реализирале преку Македонската банка за поддршка и развој. Средствата биле обезбедувани и од Банката за микрофинансирање формирана од страна на ЕБРД кои биле пред сè наменети за финансирање на претприемачки иницијативи. Од големо значење за нашите МСП било и конструирањето на мешовититот македонско-италијански комитет за претприемачи, чија основна задача и цел било промовирање и интевизирање на економските, финанскиските и инвестициските врски меѓу овие две земји.

Странските кредитни линии кои биле наменети за малото стопанство бавно се реализирале преку банкарскиот систем, така што понатаму сепак отсуствувала финансиската помош на малите производители, земјоделците, претприемачите. Ригидноста на банкарскиот систем, недовербата на младите претприемачи, недостиг на гаранции за заемите, недостиг на консултантски куќи за помош во подготовката на инвестиционите програми и слично, се причини кои го попречувале кредитирањето на малото стопанство во нашата земја. Сфаќањето пак дека единствено банкарскиот систем е одговорен и надлежен за финансирање на деловните активности на претпријатијата е штетно. Но, праксата во нашата земја покажала речиси целосна искористеност на кредитните фондови како и добар процент поврат на планираните

[46]Ревидирана Национална стратегија за мали и средни претпријатија(2002-2013), Скопје, април 2007

средства. Од друга страна, праксата покажала дека само 60% од одобрените кредитни линии кои се реализирале преку банкарскиот систем се реализирале во тој период, што пак укажувало на потребата од брзо и ефикасно прилагодување на банкарскиот систем кон потребите на малото стопанство и претприемништво.

Од септември 2003 година, почнал со работа Прокредитбанк за микрофинасирање, која обезбедувала кредити од 10. 000 до 100.000 евра за нови и млади малосопственици. Пред овој фонд, во јули 2003 година, владата на Република Македонија усвоила програма за поддршка на претприемништвото и привлекување на странски инвестиции со која биле предвидени средства во износ од 80 милиони денари. Дел од ваквите средства се искористиле и реализирале во текот на 2004 година, преку актвините тогаш 8 фондации и агенции за поддршка на претпријатијата. Исто така во февруари 2004 година, владата повторно усвоила Програма за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност на малото стопанство во Македонија, со која било планирано да се реализираат активностите со колу 40 милиони денари, како средства за работење, односно финансирање на институционалната инфраструктура или како нефинансиска поддршка на претприемништвото преку разни обуки.

Основна задача пак на Македонска банка за поддршка на развојот е да го промовира извозот, најчесто преку негово кредитирање, да обезбеди поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, одобрување на инвестициски кредити, осигурување на наплатата од извршениот извоз од комерцијални ризици на краток рок, факторинг итн. МБПР кредитира мали претпријатија преку комерцијалните банки (банки учеснички), додека извозните мали претпријатија можат самостојно да аплицираат во МБПР за кредит. МБПР ги нудела следниве кредити за мал бизнис:

- Кредити за поддршка на извозот: обртни средства за подготовка на производството за извоз и за премостување на периодот од извршување на извозот до наплатата на побарувањето од странство. Овие кредити се даваат на рок од две години со годишна каматна стапка до 6%;
- Кредити за мали претпријатија за трајни обртни средства и различни видови инвестиции од различни извори: Европската инвестициона Банка, Македонската Банка за поддршка на развојот, Италијанската Влада. Овие видови на кредити имаат каматни стапки од 5% до 8% на годишно ниво, грејс период, рокот на

отплата се движи од две години до максимум 8 години во зависност од кредитната линија и од големината на кредитот;

- Кредити за поддршка на земјоделството - овие кредити се со намена за набавка на: основни средства, обртни средства, услуги за воведување стандарди во примарното земјоделство и инвестиции подржани со ИПАРД програмата. Овие кредити се со каматна стапка на годишно ниво која се движи од 5% до 6,5%, во зависност дали кредитот се зема преку банка учесник или преку штедилница;
- Кредити за микрокомпании – овие кредити се наменети за финансирање на набавка на опрема, градежни работи, земјиште и за обртни средства. Каматната стапка и роковите на отплата ги утврдуваат банките учеснички во зависност од видот на бизнисот, од кредитоспособноста на бизнисот и други фактори;
- Кредити со гарантна шема за мали претпријатија кои немаат доволно обезбедување при аплицирање кај некоја од комерцијалните банки;
- Кредити за сместувачки капацитети: за овие кредити средствата се од: МБПР, Европската инвестициона банка, Италијанската Влада.“[47]

Голем дел од горенаведените кредити се одобруваат преку Македонските Банки учеснички во овие програми: Прокредит Банка АД, Стопанска Банка АД, Тутунска Банка АД, Еуростандард Банка АД, Комерцијална Банка АД, Охридска Банка АД, Стопанска Банка АД Битола, ТТК Банка АД, Халк Банка АД, Шпаркасе Банка АД, Уни Банка АДи штедилниците: Фулм и Можности. Комерцијалните банки нудат и кредити од сопствени средства за малите претпријатија.

Генерално гледано оценката за финансиската поддршка за политиките и програмите за развој на малите и средни претпријатија е дека таа е симболична, врз основа издвоениот буџет токум за нивниот развој кој е прилично мал. Од друга страна пак отсуството на транспарентна политика и критериуми за поддршка, придонело за самоволие во доделувањето на средставата за поддршкаи се чувствувал критериумот на политичакат подобност при изборот и доелувањето на средствата. Исто така недостигала и дисперзираност на модалитетите за финансиска поддршка во зависност

[47] Напред или назад-Надминување на препреките за имплементација на политиката за развој на секторот на МСП во стопанството на Македонија, финален извештај, Економски институт, Скопје 2004

од животниот циклус во кој се наоѓале претпријатијата. Зајакнувањето на малото стопанство било можно со поддршка од повеќена финансиски инструменти и институции, бидејќи и потербите од капитал кај потенцијалните претприемачи биле различни.

## 9.1. Национална стратегија за развој на малите и средни претпријатија (2002-2013)

Остварувањето на визијата, задачите, целите и приоритетите во областа на претприемништвото, малите и средни претпријатија, и тоа за еден подолг период претставува основна цел на Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија. Во оваа стратегија биле утврдени ограничувањата и проблемите со кои се соочуваат МСП, се предложувале мерки и насоки за нивно решавање. Оваа стратегија содржи конкретни цели, мерки, активности, и има утврдени финансиски средства потребни за остварување на истите. Таа се остварувала преку конкретно одредени програми.

Во 2002 година, владата на Република Македонија ја усвоила Националната стратегија за МСП за преиодот од 2002 до 2013 година. Исто така во 2002 година, била усвоена и Програма на мерки и активности за поддршка на развојот на претприемништвото и конкурентноста на малите бизниси за периодот од 2003 до 2003 година. Во март 2007 година пак била усвоена нова Програма за развој на претприемништвото конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија за период од 2007 до 2010 година.

Откако Република Македонија доби статус на земја кандидат за пристапување кон Европската Унија, има за задача да го забрза процесот на хармонизација на националното со законодавството на Европската Унија, со важни импликации за Стратегијата и Програмата, како и да се подготви за доследно спроведување на Европската повелба за мали претпријатија. Иницијативите како што се инструментот за пред-пристапна помош ИПА и Рамковната програма на ЕУ за конкурентност и иновативност (CIP) претставувале нови предизвици во однос на науката, технологијата и иноваторството, како и во информатичката и комуникациската технологија за зголемување на конкурентноста на МСП. Поради тоа Владата на РМ ставила силен акцент во развојот на МСП, во програмата за периодот 2006-2010 година. Главно била

насочена кон зголемување на конкурентноста на македонските претпријатија, на домашните и странските директни инвестиции за спроведување на реформи.

## 9.2. Активности и проекти на Агенцијата за поддршка и претприемништво на Република Македонија АППРМ

Агенцијата за поддршка на претприемништво на Р.Македонија е основана со цел да ги реализира целите и политиките за поддршка на малото стопанство, односно да ја реализира Програмата на мерки и актицности за поддршка на претприемништвото и созавање на конкурентност на малото стопанство. Ваквата програма се раководела по принципите и полиња на активности кои биле утврдени со Европската повелба за мали претпријатија. Во неа се утврдувале и потребните средства, извори, рокови и сите институции кои ќе учествуваат во нејзината реализација. АППРМ има својство на правно лице и е самостојна во својата работа, со седиште во Скопје.

Предмет на работење на оваа агенција како што рековме е реализација на Програмата. Понатаму таа е задолжена за координација и развој на мрежа на институции кои го подржуваат развојот на претприемништвото и малото стопанство, поддржува актвиности кои упатуваат на примена на иновации и воведување на современи технологии во малото стопанство. Исто така таа учествувала во реализација на проекти кои обезбедувале деловна соработка, партнерство и поврзување на економиите во регионот, во ЕУ и пошироко. Агенцијата се залагала и за интегрирање на малото стопанство во меѓународниот пазар, давала поддршка за самовработување, зголемување на вработеноста и едукација на претприемачите за започнување и водење на сопствен бизнис, создавање и одржување на база на податоци во врска со стопанските субјекти, дистрибуција на информации за различни целни групи-корисници и сл.

АППРМ за своето работење и користење на средствата е должна да поднесува извештај до Министерството за економија најмаку два пати годишно и еден Годишен извештај до Владата на Република Македонија.

### 9.1.1. Активности и пректи според програмата на АППРМ за периодот 2012 год.

1.*Ваучерски систем на советување*. Станува збор за систем на советување за поддршка на потенцијални претприемачи и на постојни претпријатија кои сакале да реализираат некоја бизнис идеја. Ваучерскиот систем на советување го поддржувало обезбедувањето на услуги на советување и развој на деловната активност во форма на платливи ваучери. Ваквите ваучери им дозволувале на корисниците можност за избор на овластени сопственици според мониторингот и методологија која била одобрена од АППРМ. Помошта за самовработување се обезбедувала бесплатно на невработени, а додека за поддршка на МСП била во вид на соодветен грант, односно 50% учествувал клиентот а останатите 50% се обезбедувале со субвенции.

2.*Инфо плут* проект во соработка со регионалните центри- целта на овој прект била поврзување на институциите на ситемот како носители на економската политика и со малите и средни претпријатија. Претпријатијата и потенцијалните основачи на нов бизнис од страна на овој проект можеле да добијат најразлични информативни услуги и конкретни информации за малото стопанство како:

- информирање за можни форми и институции за обука на претприемачи;
- информации од областа на деловната помош за финансирање;
- инфомации за потенцијалната конкурентска помош за решавање на конкретни проблеми во работењето;
- информации за можностите за инвестирањето во регионот, извозните можности, бизнис контакти и други информации и совети;
- информации за можностите за учество и аплицирање во домашни, странски и меѓугранични проекти;
- информации за Европската мрежа на претпријатија;
- информации, обуки и совети за лица опфатени со Програмата на Владата на РМ за поддршка за самовработување во текот на првата година од работењето на фирмата;
- информации за извори на финансирање;
- информации за саеми, трговски мисии и бизнис форуми во земјата и странство;

- други деловни информации и интернет истражувања.“[48]

3. ***Претприемничко образование***. Во соработка со Центарот за истражување, развој и континуирано образобвание, биле организирани интензивни обуки за студенти. Ваквите обуки биле во функција и промоција на самовработувањето. Дел од активноститре на ваквите обуки биле насочени кон:

- дефинирање на разликите помеѓу концептот работење за самиот себе и работење кај друг;
- се определувале карактеристиките на успешни претприемачи;
- се анализирале методи за генерирање на идеи и нивна селкција;
- се конципирале бизнис планови и сл.“[49]

***4.Огранизирање натпревар за бизнис план.*** Во периодот јануари-јуни 2012 година. тимовите и Центрите на Машинскиот факултет, Центарот за оразвој на нови бизниси и Центарот за обука, развој и континуирано образование со поддршка од АППРМ го релизирала натпреварот за најиновативен бизнис план. На ваквиот настан на кој биле промовирани преку 300 бизнис планови им било овозможено на најдобрите учесници да оставрат контакти со низа претприемачи од регионот и со неколку инвестициони фондови. Десет од ваквите бизнис планови биле наградени, каде што носителите на овие планови биле регистрирани како сопствени компании и бизнис плановите биле преточени во реален зафат.

*5.**Европска недела на мали и средни претпријатија***. Европскиот ден на претприемачот и Европската недела на МСП во 2012 година биле одржани под мотото „Кралица на потег” а се одбележале низ повеќе градови во Македонија, а главната вечер била на 30 мај на која биле организирани три работилници:

-успешни жени во бизнисот и лидерството-како да се постигне совршенство

-стандардизација во функција на зголемување на конкурентската предност и

-претприемниптво- соодветен одговор на предизвиците на опкружувањето.

***6.Организирање на обуки за женско претприемништво.***Ваквите обуки биле организирани со цел да се подигне свеста кај жените за претприемништво и отварање на сопствен бизнис со цел да се зголеми бројот на пртперијатија чии основачи биле жени.

---

[48] Извештај за реализација на програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија за 2012 год., Скопје, јануари 2013

[49] Извештај за реализација на програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија за 2012 год., Скопје, јануари 2013

*7.Доживотно учење-претприемништво*.Целта на ваквото учење односно на активностите била претставниците на образовните институции да се запознаат со концептот за доживотно учење и законот за образование за возрасни, за да може да ги имплементираат во спроведувањето на нивните образовни активности и истите поефикасно да бидат реализирани. Вакви семинари биле одржани во Рдовиш и Скопје во периодот март-април 2012 година, на кои учествувале владини и невладини претставници од образованието, претставници на локалните заедници и претставници на МСП.

***8.Организирање на обуки за локални консултанти***. На 12 и 13 март 2012 година, се одржала обука за консултанти на тема Лобирање и вмрежување на ЕУ проекти. Темата на обуката била избрана врз основа на Анализата за потребите за обуки која се спровела на национално ниво во 2010 година, како и од секојдневните контакти кои ги имала АППРМ со консултантите. На оваа обука преку практични вежби и совети, консултантите имале можност да се запознаат со начините на формирање на партнерства со институции од земјите членки на ЕУ, како и со алатките кои ги нудела Европската Комисија за полесен пристап до информации за заинтересираните институции за градење на партнерства во конкретни проекти.

***9. Организирање на обуки за мали и средни претпријатија.*** Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ во соработка со Стопанската комора на Македонија организрала семинар на 18ти семптември 2012 година. во Прилеп, а тема на семинарот била „Иновации и програми за финансирање иновации во компаниите". Интерес за овој семинар покажале претпријатија, иноватори, претставници од банките, како и локални фондации за развој на МСП. Овој семинар бил структуриран во два модула. Првиот модул се однесувал на „Иновации во европските програми", кој пак содржел три сесии: Значењето на иновациите за конкурентноста на компаниите, во кој се посветило внимание на европрките трендови за поттикнување и поддршка на иновациите и нивното влијание врз конкурентноста на компаниите; втората сесија се однесувала на Иновациите во ЕУ прогарамата ЦИП и се прегледувале можностите за финансирање на проекти и проекти за воведување на иновации во индустриајат и областите од каде биле поттикнати иновациите; и третата сесија се однесувала на Развој на проект во компаниите кој опфаќал процес на избор на подрачје на работење на компаниите за воведување на иновации. Втрот модул бил со наслов „Развој и комерцијализација на иновациите" и бил проследен со две сесии: првата се однесувала на процесот на развивање на иновации во која биле представени чекорите на

иновативниот процес како што биле: идеја, истражување и развој, правна заштита, прва пазарна апликација на производот и репликација на пазарот. Во втората сесија „Извори на финансирање на иновациите" биле разгледувани пристапите до инвеститорите и бизнис ангелите како и постапка за заштита на интелектуалната сопственост.

АППРМ исто така во соработка со Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување, организирала годишна конфернција на тема " Европската мрежа на ментори за жени претприемачи" која се одржала на 20-ти септември 2012 год. во Скопје. На оваа конфернција присуствувале предприемачи од кои поголемиот дел се разбира биле жени, потоа бизнис-менотри, представници од Националната агенција за развој на Србија кои презентирале успешни приказни од процесот на менторирање во нивната земја.

Од страна на АППРМ биле планирани да се одржат и други обуки и семинари кои се однесувале обуки за мали и средни претпријатија, но тие останале за некој нареден период.

***10.Организирање локални семинари за иновации и претприемништво***. Средствата за оваа актвностт наместо за ограниизирање на локални семинари биле употребени за изработка на извештај за проектот INTERVALUE кој имал за цел да го согледа нивото на развој на иновации кои содржеле потенцијални иновативни проекти. Во рамките на овој проект се организирале семинари во Скопје и Битола, чија главна цел било презентирање на значењето на иновациите и МСП, како и подигање на свеста на претприемачите.

***11.Промотивни активности*** (саеми, деловни партнерства). Во овие активности спаѓа седмиот ромски економски и бизнис форум кој бил одржан на 5ти април 2012 година во Скопје. Огранизатор на ваквиот форум било здружението на Ромски деловен информативен центар на Македонија, во соработка со Општина Шуто Оризари и со финансиска помош и поддршка од Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија. На овој семинар била истакната потребата од подобрување на економскиот амбиент за развој на бизнисите и вработувањето воопшто, како и за подобрување на социјално-економскиот статус и интеграцијата на ромаскта заедница.

***12.Организирање на обуки за наставници/професори кои го предавале предметот претприемништво и бизнис***. Во соработка со Машинскиот факултет и Националниот центар за претприемничко учење се организирале две обуки за наставниците од основните и средните училишта на тема Принципите на претприемачкото образование, кое исто така имало за цел да ја подигне свеста за претприемништвото. Ваквиот настан

им послужил на наставниците да разменат искуства, а воено понатаму да ги пренесат тие искуства и предизвици на своите колеги.

***13.Организирање на обуки за студенти за подготовка на апликации за конкурирање за работа***. Во соработка со Уневерзитетот „Св. Кирил и Методиј“, односно Факултетот за Електронска и информациска технологија и Машинскиот факултет во Скопје на 15-ти и 18-ти мај биле одржани две обуки. На ваквите обуки на студентите им било презентирано кои се потребни документи при аплицирање за работа, со цел да се подигне свеста на младите луѓе за полесно пристапување кон пазарот на трудот. На ваквите обуки имало и претставници од МСП, кои покажале и интерес за вработување на младите лица.

***14.Кофинансирање на донаторски проекти***. Овој вид на активност содржел активности со кои бил кофинансиран проектот Меѓународна соработка за валоризација на истражувачки резултати. Дел од средставта биоле наменети за покривање на трошоците за специјализирана обука за создавање и користење на сертификатни мерки и географски називи за МСП и земјоделски здруженија. Ваквата обука ја организирала АППРМ во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Европскиот информативен и иновативен истражувачки центар и меѓунарониот проект Регионална соработка за валоризација на истаржувачките резултати. Додека пак останатиот дел од средствата биле искористени за подготовка на сумарен извештај од истражувањето на иновативните проекти во рамките на проектот Меѓународна соработка за валоризација на истражувачки резултати.

***15. Општа обука на МСП и здруженија во рамки на стопанските комори за заштита на правата од интелектуална сопственост.*** Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ, Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија и соработката со Државниот зазвод за индустриска сопственост, биле организатори на настанот: Бреднདирање и заштита на правата на интелектуалната сопственост-предизвици и практики. Овој настан се одржал во Скопје на 13ти јуни, на кој биле дискутирани прашања од типот: ризици од користење на нелегалесн софтвер, организација, надлежност и улога на Државниот пазарен инсспекторат во заштита на правата на интелектуална сопственост, користењето на трговската марка во дизајнирањето на претпријатието и сл.

Овие се активностите кои Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Република Македонија ги презела и ги остварила во Програмата 40. Агенцијата со предвидените средства и оперативниот план кој го имала за периодот 2012 успеала да

ги реализира и оствари ваквите активности, со цел да се зголеми иновативноста, поддршката и конкуренстноста на малите и средни претпријатија, а воедно и да се поттикне и промовира нивниот понатамошен развој.Исто така Агенцијата презела и дел на активности кои не биле вклучени во Програмата за 2012 година, односно не биле опфатени, но придонеле за развој и поддршка на малите и средни претпријатија.

*Активности кои не биле опфатени со Програмата 2012 биле следниве:*

1.*Европски информативен и иновативен центар Македонија* ( ЕИИЦМ) –токму преку овој центар започнало активното и успешно реализирање на програмата. Проекти и активности кои биле реализирани преку овој центар биле:

-промотивни активности на АППРМ-ЕИИЦМ во Република Македонија, акција за подготовка на материјали и нивна дистрибуција, односно се објавувале статии на интернет страни, статии во електронски и публикувани медиуми;

-настани организирани од страна на АППРМ-ЕННЦМ, тука било предвидено организирање на промоции, тренинзи и конзорциумски настани за МСП;

-информации за ефектите од имплементацијата на Европската легислатива во Република Македонија доставени до Европската Комисија, Р. Македонија како земја кандидат за членство имала лимитиран пристап и придонес во европските механизми за обезбедување на повратни информации до ЕУ за проблемите и последиците со кои се соочувале МСП на пазарот на ЕУ. Токму поради тоа се планирале активности кои биле насочени кон промоција и информирање на МСП при реализација на настани и дирекни контакти;

-размена на информации и комуникација со клиенти на АППРМ-ЕИИЦМ со партнери од Enterprise Europe Network;

-оставрување на средби со клиентите на АППРМ-ЕИИЦМ со цел да се зголеми свеснота, активностите, услугите на Enterprise Europe Network, како и обезбедување на клиенти за долгорочна соработка;

-помош во интернационализацијата на дејноста на МСП и поддршка на иновативни активности, кои главно се однесувале на специјализирани услуги и индивидуална советодавна помош на МСП на различни теми поврзани со иновативноста и интернационализацијата на МСП. На МСП им се овозможувале следниве услуги: услуги за пристап до ЕУ програми, барање партнерства за учество во ЕУ програмите, услуги од областа на правото и сл.;

-организација на брокерски настани и компаниски мисии, целта на ваквата акција била придонес во развојот на меѓународно конкурентски компании преку олеснување на пристапот до пазарите и создавање на транснационали партнерства;
-информативни услуги прилагодени според потребите на клиентите, акција која имала за цел да го зголеми протокот на информации од базата на податоци на Enterprise Europe Network, Европската агенција за конкурентност и иновации, како и да се приближат услугите на ЕИИЦМ до клиентите;
-создавање на предлози за партнерства, акција која имала за цел да ја зголеми интернационализацијата и соработката на македонските МСП и другите корисници на ЕИИЦМ, со партнери од мрежата во полето на бизнисот, технологиите и научно истражувачките програми финансирани од ЕУ фондовите.
-учество во активности на мрежата и конзорциумот, целите на оваа акција се однесувале на зголемување на капацитетот, вештините на проектниот тим и создавање на додатно значење и вредност на Enterprise Europe Network. Активностите пред се биле насочени кон учество на обуките огранизирани од Enterprise Europe Network, регионални обуки, секторски групи, годишна конференција на Enterprise Europe Network, размена на персонал, организација на интерна обука и сл.

## 9.3 Обсерваторија за мали и средни претпријатија на република Македонија

Дел од Агенцијата за поддршка и претприемништво на Р.Македонија претставува Обсерваторијата за мали и средни претпријатија на Република Македонија, која работела и функционирала од јануари 2005 година. Таа произлегла како резултат од заложбите на Владата за поддршка и развој на МСП, како и од потребата за прилагодување на политиките и стандардите на ЕУ.

Главна цел на Обсерваторијата за МСП во РМ била да создадде постојани механизми за следење, анализа и споредување со другите земји, за улогата и работата на македонските мали и средни претпријатија. Опсерваторијата за мали и средни претпријатија изготвува годишни извештаи за работењето на малите и средни претпријатија. Таквиот извештај ги содржел процесите за регистрација на едно претпријате, бројот на регистрирани и актвини претпријатија во РМ., бројот на вработени, добивката и загубата која ја оставруваат тие претпријатија, и сл.

# 10.Заклучок

Малите и средни претпријатија се сметаат за значаен столб на економијата на една земја. На нив се гледа како на доминантни носители на економските движења и развој. За да се потврди ваквото значење на малите и средни претпријатија е потребно креирање на амбиент во кој ќе дојде до израз слободата на пазарот и приватната иницијатива, а согласно на тоа ќе треба да се создадат и стабилни и коегзистенстни мерки на економските политики на една земја. Успешните цели на економските политики како што се економски развој и раст, макроекономска рамнотежа, како и ниско ниво на невработеност доведуваат и до постигнување на успех на економијата во целина.

Главната одлика на малите претпријатија е нивната флексибилност и затоа тие полесно се прилагодуваат на промените кои настануваат на пазарот. Малите претпријатија се доминантни економски субјекти во современите економии. Во ЕУ малите и средни претпријатија обезбедуваат околу 65 милиони работни места. Поради перспективата поврзана со вработувањата во ЕУ се стимулира креирањето на нови МСП и се креираат политики за нивнна поддршка и развој. Таквите политики подразбираат помош за МСП, олеснување на правилата и легислативите за МСП, помош за нивен напредок, отстранување на препреките при отворање на нов бизнис, помагање на неговиот растеж, корегирање на пазарните дефекти поради кои заостануваат МСП и слично. Во Европската Унија постои и *Закон за мал бизнис*, кој предлага партнерство помеѓу Европската Унија и нејзините земји членки.

Како најзначајни предности на МСП претставува нивната адаптивна структура, зголемена ефикасност во своето работење, ги следат барањата на клиентите, како и развојот на новите технологии, покажуваат поголема отпорност на економските кризи, постојано се менуваат, како во структурата, така и во начинот на работење со цел да го зголемат својот капацитет, напредок и развој. Исто така, малите и средни претпријатија имале поголема еластичност во однос на големите компании при производството, маркетингот и услугите, и со тоа на полесен начин ги надминувале проблемите и се соочувале со помала штета за разлика од големите компании. МСП се побрзи во донесувањето на одлуките како резултат на оперативните трошоци, како и трошоците за менаџирање.. Покрај предностите, МСП имаат недостатоци, а за таков се смета слабиот капацитет да вработуваат специјалисти и консултанти, имаат недостатоци во

процесот на финансиското планирање а со тоа и недостаток на капитал, имале помала поддршка од банките и други финансиски институции, поради недовербата која овие институции ја имале во малите и средни претпријатија, потоа недостаток на производствен капитал, недостаток од соодветна администрација и слично. Исто така кај малите и средни претпријатија како недостаток се сметало и ризикот од банкрот, неможноста да се обезбеди специјализиран кадар, ризик од губење на независноста и други слбости.

Токму за одржување на предностите и намалување на недостатоците на МСП, Европската унија презема, односно креира разни програми и презема конкретни мерки. Поддршката која Европската унија ја обезбедува за малите и средни претпријатија е поделена во четири категории и тоа како тематски можности за финансиање (финасирање кое било поделено по специфични цели: истражувања, животна средина, образование, иновации); преку структурните фондови (структурните фондови и европските социјални фондови се најголемите инструменти на Европската Комисија за поддршка на МСП, каде проектите и програмите се менаџирани и селектирани на регионално и национално ниво); финансиските инструменти (достапни директно или индиректно преку национални финансиски посредници) и обезбедување на поддршка за интернационализација на малите и средни претпријатија (обично содржеле помош од посреднички организации и/или од јавната власт во полето на интернационализацијата, со што им се помагало на МСП да излезат на пазарите надвор од ЕУ. Во рамките на секоја од овие категории се превземаат конкретни мерки и активности за реализирање на поставените цели, се креират посебни фондови за финансирање на проекти, каде секој фонд има посебно поле на дејствување, посебен регоин во кој ги насочува средствата. Тоа е така поради тоа што сите регион или земји кандидатки за членство во унијата ги немаат истите потреби. За ваквата цел односно за поддршка на Југоисточна Европа, Европската Унија ја донесе Стратегијата 2020. Стратегијата ЈЕИ 2020 ги претставува заложбите на владите од Југоисточна Европа за прифаќање на политиките кои се неопходни за подобрување на социоекономскиот раст и развој, подобрување на просперитетот на граѓаните, како и олеснување на процесот за интеграција во ЕУ. Таа се состои до пет столба: интегриран раст, паметен раст, одржлив раст, инклузивен раст и добро владеење, каде секој од овие столбови има посебни димензии на кои националните влади се задолжени да работат.

Во нашата земја пак, на малото стопанство, односно на малите и средни претпријатија им е дадена значајна улога, бидејќи тие играат значајна улога во развојот

и напредокот на Р.Макдеонија. Целите кон кои се насочени институциите задолжени за развој на МСП се однесуваат на создавање поволни услови за ефикасно стопанисување, како и раст и развој на малите и средни претпријатија, усогласување на прописите и регулативите за отварање на МСП, креирање на соодветни агенции и консултантски центри за мали и средни претпријатија, ревидирање на економски и прави регулативи, одвојување на поголеми средства од буџетот за развој на МСП и сл.

Преку проектите кои ги финансира Европската Унија, било да е тоа директно или индиректно, се поттикнува напредокот и развојот на малите и средни претпријатија, преку тоа што им се овозможуваат првенствено средства, а понатаму и различни правни или финансиски ослободувања, им се овозможува излез на поголеми пазари, на регионални пазари, се отстрануваат препреките при отварање на нов бизнис.Европсакат унија како што рековме поддршката за малите и средни претпријатија ја обезбедува преку разни форми на грантови, заеми и во некои случаи како гаранции. Таквата поддршка е достапна дирекно или преку програми, менаџирани на национално или регионално ниво.

Исто така во услови на глобализација, секторот на мали и средни претпријатија се интернацинализира. Само конкурентно способните претпријатија, без разлика дали се мали или средни, претпријатија кои вклучувале примена на најсовремени знаења и нови технологии, можат да станат дел од светскиот пазар на стоки и услуги. Тоа би се постигнало преку деловна соработка, партнерства, асоцијации, како и дирекни догвори. Токму поради тоа менаџерите треба да создадат услови за прифаќање на новите техничко-технолошки иновации, да ја подобрат брзината во процесот на донесување на одлуки, да ги прифатат знаењата и искуствата и слично.

Целите пак кои треба да се постигнат во РМ за развој на МСП секторот се стратешки и се однесуваат на зголеување на бројот на МСП, зголемување на процентот на вработување во МСП и зголемување на придонесот на МСП во БДП. Тоа би се постигнало преку остварување на следниве цели: подобрување во креирањето на политиката за развој на МСП; поедноставување на правното и регулаторното опкружување, подобрување на пристапот до финансии, поедноставување на оданочувањето, промовирање на информатичка и комуникациска технологија,наука, технологија и иноваторство во функција на развојот на МСП, промовирање на претприемништвото во образованието и обуката, охрабрување на интернационализацијата на МСП, подобрување на услугите за деловен развој и јакнење на дијалогот меѓу приватниот и јавниот сектор. Што се однесува пак до

Република Македонија, во поглед на технолошкиот развој на малите и средни претпријатија е многу ниско поради недостиг на финансики средства, како и отсуство на мерки за поддршка и помош на иноваторството. За таа цел Владата на Република Македонија во 2014 носи *Програма за развој на претприемништвото*, иновативонста и конкурентноста на малте и средни претпријатија, во која била одредена висината на паричните средства кои биле токму наменети за развој на претприемништвото, иновативноста и конкурентноста на МСП. Средствата од оваа програма пред сè биле насочени кон финансирање на малите и средни претпријатија кои опфќале области од занаетчиството, надоместување на дел од трошоците за воведување на стадарди какви што се „Исо„ и „Хасап„ поддршка на женското претприемништво, финансирање за разни обуки и доквалификации, поддршка за млади претприемачи. Како втор сектор во кој биле наменети средствата бил развој на индустриската политика и тоа за поддршка за зголемување на конкурентноста на македонската индустрија; надомест на дел од трошоците за развој на деловни субјекти, развој на пазар и развој на производите; договорни услуги за изработка на нови организациони модели, за нов производ, за изработка на идејно решение или изработка на нова амбалажа, етикета, лого; догворни услуги за воведување на CE ознаката; договорни услуги за изработка на веб страна; трошоци за истражување на пазарот; трошоци за учество на домашни и меѓународни настани за иновации. Како трет столб каде се насочувале средствата бил развојот на кластерското здружување и тоа за поддршка на заеднички проекти за поврзување на кластерите со универзитетите; поддршка за развој на иновативноста и развој на брендирани производи на кластерите; поддршка на кластерите за секторска извозна програма; поддршка за огранизиарање на тематски саеми и поддршка за развивање на стандарите за квалитет и прилагодување на барањата на ЕУ пазарите. Генерално, оценката за финансиската поддршка за политиките и програмите за развој на малите и средни претпријатија е дека таа е симболична, врз основа издвоениот буџет токму за нивниот развој кој е прилично мал. Од друга страна отсуството на транспарентна политика и критериуми за поддршка, придонело за самоволие во доделувањето на средствата за поддршкаи се чувствувал критериумот на политичакат подобност при изборот и доделувањето на средства.

## Користена литература


Ангелоска-Галевска, Н. (2006), *Планирање на научно истражување*, Скопје:Филозофски факултет (интерен материјал).

Бојаџиоски Д., ( 2009), *Менаџмент на човечките ресурси*, Скопје: Економски факултет.

Деловска, Б., Јовановска-Радановиќ Е., *Прирачник за претприемништво и бизнис*, 2013, Скопје;

Димитровски Р. (2004) *Менаџмент на мал бизнис*, Скопје: Економски факултет;

Дикинс, Д. Фрил, М. (2003) *Претприемништво и мали фирми* , Скопје: Издавачка куќа ТРИ. Скопје 2010

Ѓуровска М., (2009) *Авторизирани предавања по предметот Социологија на организации, Филозофски факултет*, Скопје: Фиозофски факултет.

Ѓуровска М., (2011)*Авторитаризирани предавања по предметот Европски политики за мали и средни претпријатија*, Скопје:Филозофски факултет.

Наневски Б. Стојанова, В. Јосифовска А. (1997) *Развојот на малите и средни претпријатија и намалувањето на невработеноста во Р.Македонија,* Фондација "Фридрих Еберт", Скопје

Пандев Д., (2000), *Водич за претприемништво и мал бизнис*, Скопје: Економски институт;

Пејковски Ј. (2010), *Мултинационални корпорации и стратегиски алијанси,* Прилеп: Економски факултет.

Пејковски Ј. (2008), *Меѓународен менаџмет*, авторизирани предавања,Скопје.

Пејковски, Ј. (2008), *Претприемништвото и развојот,* Скопје: Филозофски факлутет

Ристевска, М.(2004), *Право на Европската Унија за мали и средни претпријатија во Македонија,* Скопје.

Филиповски Владимир, (2007), *Финансирање на малите бизниси*, во: *Како до сопствен бизнис*, (Р. Поленаковиќ – редактор), Центар за развој на нови бизниси, Скопје

Фити Т., Хаџи Василева-Марковска В., Милфорд Б. (2007) *Претприемништво*, Економски факултет – Скопје

Фотов Ристо.(2006), *Менаџмент на мал бизнис,* Скопје:Европски Универзитет

Шуклев, Б. (2006), *Менаџмент на малиот бизнис,* Скопје:Економски факултет.

Bogićević B. (2003), *Menadźment ljudskih resursa*, Beograd:Ekonomski fakultet.

**Користени документи:**

- Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ (2004) извештај за МСП,
- Агенција за поддршка на претприемништвото (2006), Опсерваторија за МСП во Македонија, Извештај за 2005 година
- Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ, Извештај за реализација на програмата, 2013
- Државен завод за статистика (ДЗС) на Република Македонија, Соопштение бр. 6.1.12.13. од 24.2.2012.
- Закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништво на Република Македонија, Службен весник на Р.Македонија бр.60/03, 161/09 , 171/10
- Извештаи од Државниот заводот за статистика на Република Македонија
- Извештај за реализација на програмата за Поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2012 година, за 2012 година ( јануари-декември 2012), Скопје, 2013

- ЕУ-Програми за мали и средни претпријатија во Македонија (2010), Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методија
- Министерство за економија, *Програма на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и креирање на конкурентност на МСП*, Скопје, декември 2012
- Напред или назад-Надминување на препреките за имплементација на политиката за развој на секторот на МСП во стопанството на Македонија, финален извештај, Економски институт, Скопје 2004
- Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2015, Скопје, август 2011
- Програм за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија за 2012 год. Службен весник на РМ бр,12 26.01.2012
- Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2014 година Службен весник на Рм бр 7 08.01.2014 стр.32
- Ревидирана Национална стратегија за развој на малите и средните претпријатија (2002-2013), Министерство за економија, Скопје, април 2007
- Финален извештај, (2004) *Напред или назад- надминување на препреките за имплементација на политикиката за развој на секторот на МПС во стопанството на Македонија*, Скопје:Економски институт.

- Европска Комисија (2012). Small and medium-sized enterprises (SMEs)-Fact and figures about the EU's Small and Medium Enterprise (SME) http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/facts-figures-analysis/index_en.htm
- Европска Комисија (2011a). *Review of the "Small Business Act" for Europe.*
- http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/small-business-act/files/sba_review_en.pdf
- Европска Комисија, ЕУРОСТАТ (2012b). *Euro area unemployment rate at 11,4%.*
- http://epp.eurostat.ec.europa.eu/cache/ITY_PUBLIC/3-01102012-AP/EN/3-01102012-APEN.PDF

Релевантни интернет страници:

http://europa.eu/rapid/press-release_IP-11-1386_en.htm?locale=en

http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/small-business-act/implementation/index_en.htm

http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/small-business-act/index_en.htm

http://ec.europa.eu/smart-regulation/index_en.htm

http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/index_en.htm

http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/vrabotuvanje_mladi_akciski.pdf

http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/documents/more_info/publications/eu_thinking_big_for_small_businesses_mk.pdf

http://europa.eu/youreurope/business/finance-support/business-support/index_en.htm